Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), член 26 став 4 и член 27 од Законот за управување со кризи, (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.29/05, 36/11, 41/14 и 104/15), заменик директорот на Центарот за управување со кризи, на ден _____2015 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број 501 на вработените државни службеници и помошно – технички лица во Центарот за управување со кризи, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во Центарот за управување со кризи, се определуваат согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Центарот за управување со кризи.

Член 4

Како посебни услови за работа во Центарот за управување со кризи за сите работни места се предвидуваат: ноќна работа, работа во смени односно, работа за време на неделен одмор, работа за време на празници утврдени со закон и работа подолго од полното работно време.

Член 5

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Центарот за управување со кризи е даден во прилог на овој правилник и е составен дел на истиот.

II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 6

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 644 работни места на државни службеници, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи и тоа:

Член 7

„Работните места од Членот 6 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

(државни службеници)

- Ниво Б01 – 6
- Ниво Б02 – 9
- Ниво Б03 – 20
- Ниво Б04 – 64
- Ниво В01 – 125
- Ниво В02 – 24
- Ниво В03 – 18
- Ниво В04 – 124
- Ниво Г01 – 164
- Ниво Г02 – 3
- Ниво Г03 – 7
- Ниво Г04 - 70

Член 8

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници за раководните административни службеници од категоријата Б се:

- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- Активно познавање на еден од трите користени најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
    - за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
    - за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
    - за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;
-

(2) Потреби општи работни комепетенции на напредно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 10

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- Активно познавање на еден од трите користени најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потребно работно искуство и тоа;
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото В4 со или без работно искуство во струката;

(2) Потреби општи работни комепетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 11

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- Активно познавање на еден од трите користени најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;

(2) Потреби општи работни комепетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 12

Посебни услови утврдени со Законот за административни службеници, Законот за инспекциски надзор,

(1) Во рамките на категоријата Б- раководни инсперктори, се утврдува следното ниво на работно место на инспектор:
- Б4 – раководен инспектор од четврто ниво.
(2) Раководниот инспектор од категоријата Б4 треба да ги исполни следните посебни услови за работното место:

- Стручни квалификации за сите нивоа - најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- работно искуство, и тоа:

1.1. за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку една година на работно место од нивото В1,
1.2. општи работни компетенции за категорија Б4, согласно со Рамката на општи работни компетенции;
1.3. посебни работни компетенции да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работењеи тоа еден од следниве:
1.4. Certiport: IC3 GS4 Key Applications – положен
1.5. Microsoft: MOS Word или MOS Exsell – положен или
1.6. ECDL: Core – положен
1.7. да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест за интегритет и
1.8. да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа:

за нивото Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (В1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат

- Потребни општи работни компетенции на напредно ниво
  - учење и развој
  - комуникација
  - остварување резултати
  - работење со други/тимска работа
  - стратешка свест
  - ориентираност кон странките/засегнати страни
  -раководење и
  - финансиско управување

Член 13

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административни службеници , Законот за инспекциски надзор, од категоријата В се:

- стручни квалификации, за сите нивоа В– најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
    - работно искуство и тоа за:
    - новото В1 најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работно место од нивото В2,
    - нивото В3 најмалку една година работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба,
    - нивото В4 со или без работно искуство,
    - општи работни компетенции за категорија В, согласно со Рамката на општи работни компетенции,
    - посебни работни компетенции: за сите нивоа да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работењеи тоа еден од следниве:
    - Certiport: IC3 GS4 Key Applications – положен
    - Microsoft: MOS Word или MOS Exsell – положен или
    - ECDL: Core – положен
    - за сите нивоа да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест за интегритет и
    - за нивоата В1 и В3 да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потребни општи работни компетенции на средно ниво
- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- стратешка свест
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување

Член 14

Административниот службеник кој засновал работен однос во Центарот за управување со кризи заклучно со денот на започнувањето со примената на Законот за административни слуќбеници треба до директорот на Центарот да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење,соодветни на нивото на неговото работно место, во рок од една година од денот на пристапување на Република Македонија во Европска Унија.

III. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Член 15

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 15 работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи.

Член 16

Работните места од Членот 15 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

(одржување на објекти и опрема)

- Ниво А04 – 3 (вкупен број)
- Ниво А05 – 1 (вкупен број)
- Ниво Б04 – 1 (вкупен број)
- Ниво А03 – 2 (вкупен број)

(превоз на лица и опрема)

- Ниво А03 – 2 (вкупен број)

(обезбедување на објекти и опрема)

- Ниво А01 – 4 (вкупен број)

(други помошно технички лица)

- Ниво А02 – 1 (вкупен број)
- Ниво А03 – 1 (вкупен број)

Член 17

Општи услови за помошно – техничките лица во Центарот за управување со кризи се:

- Да е државјанин на Република Македонија;
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен;
- Да има општа здравствена способност и
- Да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење професија, дејност или должност

Член 18

(1) Посебни услови утврдени за помошно –техничките лица во областа **одржување на објекти и опрема** од категоријата А се:

- за Ниво А 04
- средно стручно образование
- без работно искуство

-за Ниво А05

- основно образование
- без работно искуство

(2) Посебни услови утврдени за помошно –техничките лица во областа **превоз на лица и опрема** од категоријата А се:

- Ниво А03

- Средна стручна спрема;
- без работно искуство;

- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), ниво CEFR A1
- Возачка дозвола ,,Б“ категорија

(3) Посебни услови утврдени за помошно –техничките лица во областа **обезбедување на објекти и опрема** од категоријата А се:

- Ниво А01
- средно образование
- без работно искуство

(4) Посебни услови утврдени за помошно –техничките лица во областа **други помошни технички лица** од категоријата А се:

-Ниво А03
-средно образование
- без работно искуство

IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Член 19

ДРЖАВНИ СОВЕТНИЦИ

Реден број	1
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б01
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за организација и функционирање на Системот за управување со кризи
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор на Центарот
Вид на образование	Образование, безбедност
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење најсложени работни задачи што бараат посебна самостојност и стручност во врска со прашања сврзани со организација и функционирање на Центарот за управување со кризи, организација и функционирање во рамките на националните и меѓународните системи за управување со кризи, Е-112, НИЦС, МКФФИС, Системот за управување со кризи, како и поддршка на работата на директорот.
Работни задачи и обврски	- дава совети на Директорот за прашања од делокругот на водењето на оперативата и координацијата на Системот за управување со кризи; -соработува со другите раководни административни службеници од Центарот; - соработува со други државни органи, органи на локалната власт, домашни и меѓународни организации, како и со претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор за проблематика од делокругот на неговото работење;

	-дава совети на Директорот за прашања од делокругот на стручна поддршка на Групата за процена и Управувачкиот комитет; -учествува во работата на работните тела на Собранието на РСМ и на работните тела на Владата на РСМ кога за тоа е овластен од Директорот; -дава личен придонес при оформување на ставови и мислења за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на Центарот; -врши најсложени задачи во делот на оформувањето и водењето на политиките на Центарот; -дава подршка на меѓуресорската соработка од прашања од делокругот на неговото работење; -дава совети за решавање на најсложените работи за остварување на програмата за работа на Центарот; - дава предлози за унапредување и развој на системите Е-112, НИЦС, МКФФИС при организација и функционирање на националните и меѓународните оперативни системи и алатки за управување со кризи; -дава совети за функционирањето на единствениот комуникациско-информативен систем Е-112 со единствен број на повикување, предлага подобрување/надградба на истиот и комуникација и компатибилност со другите системи и алатки за управување со кризи; -дава совети за решавање на најсложените работи за остварување на програмата за работа на Центарот,

Реден број	2
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б01
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за развој и координација на Системот за управување со кризи
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор на Центарот
Вид на образование	Наука за јазикот, Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење најсложени работни задачи што бараат посебна самостојност и стручност во врска со прашања сврзани со развој на Центарот за управување со кризи, координација и поддршка за развој и координација во рамките на националните и меѓународните системи за управување со кризи, Е-112, НИЦС, МКФФИС, Системот за управување со кризи, како и поддршка на работата на директорот..

Работни задачи и обврски	-дава совети на Директорот за прашања од делокругот на развој на Центарот за управување со кризи и водењето на координација на Системот за управување со кризи; -соработува со другите раководни административни службеници од Центарот; -соработува со други државни органи, домашни и меѓународни организации, како и со претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор за проблематика од делокругот на неговото работење; -учествува во работата на работните тела на Собранието на РСМ и на работните тела на Владата на РСМ кога за тоа е овластен од Директорот; -дава личен придонес при оформување на ставови и мислења за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на Центарот и Системот за управување со кризи; -врши најсложени задачи во делот на оформувањето и водењето на политиките на Центарот; -дава подршка на меѓународната и меѓуресорската соработка од прашања од делокругот на неговото работење; -врши најсложени задачи во делот на обезбедување на компаративни искуства за организација и функционирање на Системите за кризен менаџмент во земјите членки на ЕУ и земјите од регионот; - дава предлози за унапредување и развој на системите Е-112, НИЦС, МКФФИС и развој и координација на националните и меѓународните оперативни системи и алатки за управуање со кризи; -дава совети за функционирањето на единствениот комуникациско-информативен систем Е-112 со единствен број на повикување, предлага подобрување/надградба на истиот и комуникација и компатибилност со другите системи и алатки за управување со кризи; -дава совети за решавање на најсложените работи за остварување на програмата за работа на Центарот,

Реден број	2 - А
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б01
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за обука за управување со кризи
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор на Центарот
Вид на образование	Образование, Одбрана, Безбедност
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење најсложени работни задачи што бараат посебна самостојност и стручност во врска со прашања сврзани со

	обука во Центарот за обука за управување со кризи за субјектите во Системот за управување со кризи, како и поддршка на работата на директорот.
Работни задачи и обврски	-Извршува најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност и иницира и предлага ставови по начелни прашања од надлежност на ЦУК од областа на обука за управување со кризи; Предлага концепти и дава мислења по стручни прашања поврзани со донесувањето, измените и дополнувањата на програмата за обука на учесниците во Системот за управување со кризи и за други акти кои ги донесува ЦУК; - Подготвува аналитички извештаи во врска со спроведувањето на програмата за обука на учесниците во Системот за управување со кризи; - Одржува редовни контакти со одговорните за спроведување на програмата за обука како и со надворешни соработници и обезбедувачи на обука; -соработува со другите раководни административни службеници од Центарот; -соработува со други државни органи, домашни и меѓународни организации, како и со претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор за проблематика од делокругот на неговото работење; -учествува во работата на работните тела на Собранието на РСМ и на работните тела на Владата на РСМ кога за тоа е овластен од Директорот; -дава личен придонес при оформување на ставови и мислења за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на Центарот и Системот за управување со кризи; -врши најсложени задачи во делот на оформувањето и водењето на политиките на Центарот; -дава подршка на меѓународната и меѓуресорската соработка од прашања од делокругот на неговото работење; -дава совети за решавање на најсложените работи за остварување на програмата за работа на Центарот.

Реден број	3
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	БО1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за информатика и телекомуникации
Број на извршители	1
Одговара пред	Директорот на Центарот
Вид на образование	Компјутерска техника и Информатика, Електроника и

	автоматика или Телекомуникациско инжинерство
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење најсложени работни задачи што бараат посебна самостојност и стручност во врска со прашања сврзани со функционирање и развој на информатичко комуникациската технологија, телекомуникациите и техничката поддршка за развој на системите во Центарот за управување со кризи, Е-112, НИЦС, МКФФИС и Системот за управување со кризи, како и поддршка на работата на директорот.
Работни задачи и обврски	- дава совети на директорот за прашања од делокругот на развој на информатички и телекомуникациски системи во Центарот за управување со кризи и Системот за управување со кризи; -Иницира и учествува во изготвувањето на проекти апликации, документации од донатори како ИПА, НАТО СПС, ЈИЦА, и сите други донаторски странски агенции. -Дава предлози за унапредување и развој на системите Е-112, НИЦС, МКФФИС и сите други алатки во системот за управуање со кризи. -Дава совети од информатичко комуникациски аспект за функционирањето на единствениот комуникациско-информативен системот Е-112 со единствен број на повикување, предлага и технички го менаџира подобрувањето/надградбата на истиот. - Дава совети од информатичко комуникациски аспект за функционирање на системот НИЦС, предлага и технички го менаџира подобрувањето/надградбата на истиот. -Дава совети од информатичко комуникациски аспект за функционирање на системот МКФФИС, предлага и технички го менаџира подобрувањето/надградбата на истиот. -соработува со другите раководни административни службеници од институцијата; -соработува со други државни органи, органи на локалната власт, домашни и меѓународни организации, на соодветното ниво, како и со претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор; -учествува во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија, кога за тоа е овластен од Директорот кој раководи со Центарот; -во случај на отсуство или спреченост на непосредно претпоставениот административен службеник го заменува истиот врз основа на овластување од Директорот кој раководи со Центарот; -анализира и истражува нови техники и технологии и

	предлага решенија и одлуки за решавање на најсложени работи на Центарот од областа на информатичко комуникациската технологија, телекомуникациите и техничка подршка на системите во Центарот; -подготвува мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на институцијата, кои бараат одлуки од највисоко ниво на институцијата, а се во делокругот на информатиката и телекомуникациите; -иницира решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на информатиката и телекомуникациите;

Реден број	4
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б01
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за меѓународна соработка, обука и развој
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор на Центарот
Вид на образование	Образование, Наука за јазикот
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење најсложени работни задачи што бараат посебна самостојност и стручност во врска со прашања сврзани со Меѓународната соработка, обука и развој на Центарот за управување со кризи, како и поддршка на работата на директорот.
Работни задачи и обврски	-дава совети на Директорот за прашања од делокругот на меѓународната соработка, обука и развој на Центарот; -соработува со другите раководни административни службеници од институцијата; -соработува со други државни органи, органи на локалната власт, домашни и меѓународни организации, како и со претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор за проблематика од делокругот на неговото работење; -учествува во работата на работните тела на Собраниетона РСМ и на работните тела на Владата на РСМ кога за тоа е овластен од Директорот; -во случај на отсуство или спреченост на Директорот, го заменува, врз основа на овластување од Директорот; -се грижи да се обезбеди континуитет во меѓународната соработка на Центарот, консултации и координација во управувањето со кризи со соодветни органи и тела на други земји, меѓународни организации, институции и поединци; -помага во координацијата и учество во активностите за

	планирање, преговарање и обезбедување на меѓународна подршка на активностите на Центарот; -помага во координација на процесот на изготвување, имплементирање и следење на реализацијата на активностите согласно стратешките цели, програми и активности во НАТО и за интегрирање на РСМ во ЕУ; -дава совети од областа на координирање при стручното усовршување, обука и вежбовни активности на вработените во Центарот во соработка со странски партнери; помага во координацијата и учество во активностите за планирање, преговарање и обезбедување на меѓународна подршка на активностите на Центарот; -помага во координација на процесот на изготвување, имплементирање и следење на реализацијата на активностите согласно стратешките цели, програми и активности во НАТО и за интегрирање на РСМ во ЕУ; -дава совети од областа на координирање при стручното усовршување, обука и вежбовни активности на вработените во Центарот во соработка со странски партнери;

Реден број	5
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б01
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за комуникација и соработка, ургентни дојави и развој на имплементацијата на Е-112 во Република Северна Македонија
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор на Центарот
Вид на образование	Одбрана
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење најсложени работни задачи што бараат посебна самостојност и стручност во врска со прашања сврзани со комуникација и соработка, ургентни дојави и развој на имплементацијата на Е-112 во Република Северна Македонија, како и поддршка на работата на директорот.
Работни задачи и обврски	-дава совети на Директорот за прашања од делокругот на комуникацијата, координацијата и соработката со субјектите во системиот за управување со кризи и развојот и имплементацијата на Е-112; -соработува со другите раководни административни службеници од Центарот; -соработува со други државни органи, органи на локалната власт, домашни и меѓународни организации, како и со

	претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор за проблематика од делокругот на неговото работење; -учествува во работата на работните тела на Собраниетона РСМ и на работните тела на Владата на РСМ кога за тоа е овластен од Директорот; -во случај на отсуство или спреченост на Директорот, го заменува, врз основа на овластување од Директорот; -дава личен придонес при оформување на ставови и мислења за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на Центарот; -врши најсложени задачи кои се однесуваат на прашања за функционирањето на кризниот менаџмент и неговата поврзаност на локално, регионално и државно ниво, превзема задачи и активности за подобрување на начинот на функсионирањето на комуникацијата, координацијата и соработката меѓу Центарот и субјектите во СУК; -дава стручно мислење во однос на функционирањето на оперативниот центар, регионалните центри за управување со кризи, националниот државен систем за криптозаштита и македонската компјутерска шифра во Центарот; -врши најсложени задачи кои се однесувват на организирањето, имплеметацијата, реализацијата, функсионирањето на единствениот повикувачки број Е-112 и системот за тревожење и учествува во подобрување на работата и соработката при ургентните дојави, прием и пренос на организациско мобилизациски работи; -дава поддршка на меѓуресорската соработка од прашања од делокругот на неговото работење и дава совети за решавање на најсложените работи за остварување на програмата за работа на Центарот;

Реден број	6
Шифра	УПР 0101Б01000
Ниво	Б01
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за аналитика и процени на загрозеност на безбедноста
Број на извршители	1
Одговара пред	Директорот на Центарот
Вид на образование	Одбрана,
Други посебни услови	
Работни цели	Вршење најсложени работни задачи што бараат посебна самостојност и стручност во врска со прашања сврзани со аналитика и процени на загрозеност на безбедноста, како и поддршка на работата на директорот.

Работни задачи и обврски	-дава совети на директорот за прашања од делокругот на аналитиката и процените на загрозеност на безбедноста, како и поддршка на неговата работа; -соработува со другите раководни административни службеници во центарот; -соработува со други државни органи, органи на локалната власт, домашни и меѓународни организации, како и со претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор за проблематика од делокругот на кризниот менаџмент; - учествува во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија, како и на владините тела во системот за управување со кризи, кога за тоа е овластен од директорот на центарот, како и поднесува предлози за разгледување пред управувачките тела на системот за управување со кризи (ГП и УК) и учествува во спроведување на донесените предлози и заклучоци; -во случај на отсуство или спреченост на директорот на Центарот го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на Центарот; - дава совети и предлози за унапредување на водењето на базата на податоци за случени настани и појави од интерес за кризниот менаџмент и нивна аналитичка обработка, вклучувајќи податоци со класифицирана содржина; - дава совети и предлози при изработката на интегрирана процена на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзино чување, ажурирање и доставување до субјектите, во целост или нејзини делови; - дава совети и предлози за спроведување на обуки и стручното оспособување и усовршување на корисниците од субјектите на Системот за управување со кризи за користење на аналитичките алатки во Центарот;

Член 20

СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

1. Сектор за управување со човечки ресурси	
Реден број	6-А
Шифра	УПР0101Б02000
Ниво	Б02
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на Сектор за управување со човечки ресурси
Број на извршители	1

Одговара пред	Директорот на ЦУК
Вид на образование	Одбрана, Образование, Јавна управа и администрација
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење со секторот, сврзано со управувањето со човечките ресурси во функција на зајакнување на институционалните капацитети со едуциран и високомотивиран кадар
Работни задачи и обврски	- ја организира, обединува и насочува работата на Секторот и непосредно работи на најсложените работи и задачи во Секторот; – одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите од делокругот на Секторот; – ги распоредува работите и задачите на раководителите на Одделенијата во Секторот и дава потребна стручна помош на вработените во изготвувањето на материјалите; – предлага ставови по начелни системски прашања и иницира решавање на одделни прашања во врска со човечките ресурси, врши функционална анализа на надлежноста на органот на државната служба и ја организира и насочува работата при изработка на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места во врска со обезбедување на целосна методолошка, организациска и техничка поддршка на сите активности со сите сектори и ги координира и насочува сите активности во врска со вработувањето и мобилноста во државна служба за потребите на органот, во врска со оценувањето, стручното оспособување и усовршување на административните службеници, во врска со мотивацијата и подобрувањето на квалитетот на меѓучовечките односи и во врска со правата, должностите и одговорностите на административните службеници; – непосредно работи на најсложените работи и задачи во Секторот, се грижи за соодветна примена на прописите од областа на човечките ресурси; – дава стручна помош при работата на комисиите за утврдување на одоговорност на вработените, учествува во постапките за вработување и унапредување во Центарот; – се грижи за работната дисциплина на административните службеници во Секторот; - предлага и развива политики и стратешки документи за управување со човечките ресурси;

	- подготвува предлог план за работа на секторот, подготвува извештаи за реализација на програмата за работа на секторот; - соработува со други раководни административни службеници во Центарот, за прашања од делокругот на секторот; - учествува во оценувањето на административните службеници во Центарот и административни службеници во други институции.

Реден број	6-Б
Шифра	УПР0101Б03000
Ниво	Б03
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на Сектор за управување со човечки ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на Сектор за управување со човечки ресурси
Вид на образование	Правни науки, Јавна управа и администрација
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење со секторот, сврзано со управувањето со човечките ресурси во функција на зајакнување на институционалните капацитети со едуциран и високомотивиран кадар
Работни задачи и обврски	го замнеува и му помага на раководителот на Секторот; -соработува со други раководни административни службеници во Центарот; -во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на Центарот; -дава стручна помош за најсложените работи на раководителите на одделенијата при вршењето на работите и задачите; -врши работи за кои се бара посебна стручност и самостојност во работата што ќе му ги довери раководителот на секторот; -се грижи за спроведување и извршување на програмата за работа на секторот; -предлага ставови по начелни системски прашања;

1.1 Одделение за вработување, мобилност, службенички однос и информативен систем сврзан со човечки ресурси.

Реден број	7
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б04
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за вработување, мобилност, службенички однос и информативен систем сврзан со човечки ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	Одбрана, Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работните задачи во одделението, сврзано со управувањето со човечките ресурси во функција на зајакнување на институционалните капацитети со едуциран и високомотивиран кадар
Работни задачи и обврски	- раководи со одделението, ги организира и ги координира работите во одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување; - изготвување на функционална анализа на работните места во Центарот; - давање на методолошка, организациска и техничка подршка при подготовка и изготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места; - подготовка на предлог - план на потреби од човечки ресурси со развивање на современи методи за привлекување на квалитетни кандидати кои одговараат на позициите за кои е објавен оглас; -учество во спроведувањето на организацискиот развој на Центарот преку планирањето, професионалниот развој, задржување на вработените и управување со промените; - носител е на активностите во врска со постапка за унапредување и мобилност на административите службеници вработени во Центарот; - финансиско управување со буџетот наменет за покривање на трошоци за вработените во Центарот;

	- подготвување на одговори на жалби во случај на поднесени жалби во врска со извршен избор при постапката на селекција и вработување и членува во Комисијата за селекција за вработување на административен службеник; - распоредување на работите и задачите на вработените во одделението и давање насоки за нивно извршување и оценување на административни службеници од непосредно пониско ниво и на административни службеници во други институции и изготвување на подзаконските акти и другите прописи од областа на работните односи; -грижа за правилна примена на законите и подзаконските акти од областа на вработувањето, мобилноста и службеничкиот однос и давање совети на комисии и други работни тела, на раководните службеници и на сите вработени за имплементација на политиката за управување со човечките ресурси;

Реден број	8
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за службенички однос и информативен систем
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	Историски науки, Правни науки, јавна управа и администарција
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи во насока на грижа за остварување на правата, должностите и одговорностите на државните службеници кои произлегуваат од службеничкиот однос и воспоставувањето на информативна база на податоци за вработените во Центарот;
Работни задачи и обврски	- планирање на бројот на потребни извршители за секое работно место, во квалитативна и квантитативна димензија; -развивање упатства и процедури за воведување и активирање на вработените особено за воведна обука и менторство преку воведување на менторска шема како дел од програмата за воведување, со цел помагање на нововработените да се прилагодат на работната

	средина, да се интегрираат и постепено идентификуваат со неа, почитување на работното време, делегирање на работните задачи, комуникација, однесување на вработените во текот на работата и следење на нивното исполнување; - спроведување постапки за нови вработувања; -подготвување на сите видови акти и документи кои се однесуваат на селектирањето и вработувањето преку јавен и интерен оглас, на спогодби за преземање на државен службеник и распоредување и плата на државен службеник; - подготвува предлог одлука за вршење на избор-неизбор по интерниот оглас, се грижи за нејзино доставување до кандидатите за унапредување и објавување на веб страницата на Центарот; - остварување на комуникација и соработка со надлежни органи за работи поврзани со вработување и мобилност во државната служба; - управува со информативен систем за управување со човечки ресурси на персонална евиденција; - развивање на политики и предлагање мерки за следење и унапредување на дисциплината на вработените; -лоцирање на слабостите во системот со предлози за надминување без примена на дисциплински мерки; - следење и проучување на теоретските и практични искуства во земјата и странство за работата од областа на управување со човечките ресурси; -учествува во оценувањето на административните службеници во Центарот и административни службеници во други институции.

Реден број	9
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за вработување и мобилност
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	Историски науки, Правни науки, Јавна управа и администарција
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и извршување на работи и задачи во насока на грижа за остварување на правата,

	должностите и одговорностите на државните службеници кои се однесуваат на прашања од областа на вработување и мобилност на државни службеници и други лица во Центарот;
Работни задачи и обврски	- спроведува наједноставни рутински стручно административни работи и задачи под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководител кои се во надлежност на одделението сврзани со изработка на функционална анализа и правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места; -помага развивање упатства и процедури за воведување и активирање на вработените особено за воведна обука и менторство преку воведување на менторска шема како дел од програмата за воведување, со цел помагање на нововработените да се прилагодат на работната средина, да се интегрираат и постепено идентификуваат со неа, почитување на работното време, делегирање на работните задачи, комуникација, однесување на вработените во текот на работата и следење на нивното исполнување; - помага при спроведување постапки за нови вработувања; - помага подготвување на сите видови акти и документи кои се однесуваат на селектирањето и вработувањето преку јавен и интерен оглас, на спогодби за преземање на државен службеник и распоредување и плата на државен службеник; - помага во подготвува предлог одлука за вршење на избор-неизбор по интерниот оглас, се грижи за нејзино доставување до кандидатите за унапредување и објавување на веб страницата на Центарот; - помага во остварување на комуникација и соработка со надлежни органи за работи поврзани со вработување и мобилност во државната служба; - помага при лоцирање на слабостите во системот со предлози за надминување без примена на дисциплински мерки; - помага при следење и проучување на теоретските и практични искуства во земјата и странство за работата од областа на управување со човечките ресурси;

	- учествува во оценувањето на административните службеници во Центарот и административни службеници во други институции.

Реден број	10
Шифра	УПР0101Г01000
Ниво	Г01
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Самостоен референт за персонална евиденција
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	Вишо/Средно образование, Гимназиско
Други посебни услови	
Работни цели	Поддршка на спроведувањето на функциите од делокругот на одделението преку вршење на сложени административни задачи, во согласност со општите упатства на раководителот на одделението, а со цел грижа за постојан развој на персоналната евиденција поврзана со управувањето со човечките ресурси.
Работни задачи и обврски	- планирање на кадровските потенцијали, со предвидување за можни идни импликации врз работењето во случај на подолго отсуство на секој вработен (пр. породилно или др. отсуство) со потреба од планирање на соодветна замена на лица кои се пензионираат или го напуштаат работното место; - изготвување на акти кои се однесуваат на правата, должностите и одговорностите на вработените (службенички однос), и тоа решенија за годишен одмор и отсуствата од работа согласно закон, за распоредување на вработен по повод спроведено оценување, за враќање на работа по престанок на вршење на одредена функција во земјата или странство и во други случаи кога се активира мирување на вработувањето, како и подготовка на акти сврзани со престанок на вработувањето согласно закон; - водење и подготовка на потребната документација за регистрирање, пријавување и одјавување на вработените; - водење на електронска персонална евиденција; - подготовка на обрасци за вработување, здравствено осигурување, за настанати промени во статусот на вработените; - го организира потпишувањето на изјавата за прифаќањето на заедничката мисија за вработените, нејзино врачување и чување во работното досие на административниот службеник; - подготовка на извештаи, анализи и водење статистичка

	евиденција за кадровската екипираност по основ на разни параметри: етничка, полова и образовна структура на вработените, боледувањата на вработените, отсуства и редовност на вработените; - развивање и ажурирање на базите на податоци сврзани со управувањето со човечките ресурси; - водење на мапата на работен процес евиденција на работно време во Центарот и во РЦУК; - учествува во оценувањето на административните службеници во Центарот и административни службеници во други институции.

Реден број	11
Шифра	УПР0101Г01000
Ниво	ГО1
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Самостоен референт за административна поддршка на човечки ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	Вишо/Средно образование, Гимназиско
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и извршување на работи и задачи во насока на грижа за остварување на правата, должностите и одговорностите на државните службеници кои произлегуваат од службеничкиот однос и воспоставувањето на информативна база на податоци за вработените во Центарот;
Работни задачи и обврски	- подготовка на годишен план за вработување и полугодишни извештаи за реализација на годишниот план за вработување; - утврдување методи за стимулација на вработените за квалитетно извршување на работните задачи; - организира и спроведува систематски и здравствени прегледи и крводарителски акции; - водење евиденција на работно време и изготвување на извештаи за редовност на вработените во СУЧР; - обезбедување на стручно-оперативна подршка на комисиите за водење на дисциплинска постапка за дисциплински претстап и комисите за утврдување на материјална одговорност на вработените, како и подготовка на актите со кои се утврдува одговорноста на вработените (дисциплинска и материјална);

	- изготвување предлог – интерни процедури за управување со работна перформанса, дисциплина, доделување на парични награди, надоместоци на плати и други надоместоци, како и други работи од интерес за правата и обврските на вработените; - учествува во оценувањето на административните службеници во Центарот и административни службеници во други институции.

1.2 Одделение за мотивација, меѓучовечки односи, оценување, стручно оспособување и усовршување

Реден број	12
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б04
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за мотивација, меѓучовечки односи, оценување, стручно оспособување и усовршување
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работните задачи во одделението, сврзано со управувањето со човечките ресурси во функција на зајакнување на институционалните капацитети со едуциран и високомотивиран кадар
Работни задачи и обврски	- раководи со одделението, ги организира и ги координира работите во одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување; - планирање, развој и управување со човечкиот капитал; -учество во спроведувањето на организацискиот развој на Центарот преку планирањето, професионалниот развој, задржување на вработените и управување со промените; - подготвување на стратегии и политики за потребите на организацијата на начин на кој човечките ресурси се идентификуваат и развиваат во насока на постигнување на стратешките цели на Центарот, со грижи за развивање на асоцијативност помеѓу личните цели на поединецот и целите на организацијата, преку активно промовирање на културата на отворена комуникација и транспарентност во работењето, развивање на вештини за преговарање, потикнување на тимско работење, комуникациски техники во области на ризик и управување со конфликт на интереси и одржување на социјални активности; - го организира и координира системот за управување со

	учинокот на административните службеници вработени во Центарот; - изработува решение за формирање на Комисија за спроведување на оценувањето и за определување на времето и местото на спроведување на оценувањето; - го изработува извештајот со ранг листа на годишни оценки за административните службеници и се грижи за негово доставување до МИОА; - ги координира активностите по жалбите на административните службеници вработени во Центарот против постапката за оценување и се грижи за нивно проследување до надлежниот второстепен орган; - координирање на работите околу анализа за потребите од генерички и специјализирани обуки за вработените, подготовка на предлог годишна програма за стручно оспособување и усовршување на вработените во Центарот усогласена со буџетските средства и стратешкиот план на Центарот; - ги координира активностите по жалбите на административните службеници вработени во Центарот против постапката за оценување и се грижи за нивно проследување до надлежниот второстепен орган; - подготвување на договори за регулирање на меѓусебните права и обврски при стручно оспособување и усовршување на вработените по потреба на органот; - учествува во оценувањето на административните службеници во Центарот и административни службеници во други институции.

Реден број	13
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за оценување, стручно оспособување и усовршување
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи кои се однесуваат на прашања од областа на оценување, стручно оспособување и усовршување на вработените во Центарот

Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно, квалитетно да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на институцијата и задачи од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност одделението;

	-ги следи и применува прописите од областа во која што работи, вклучувајќи ги меѓународните договори на кои Република Македонија им пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во својата институција и на административни службеници во други институции; -спроведува рутински стручно-административни, нормативно-правни, извршни, статистички, административно-надзорни, информатички, кадровски, материјални, финансиски, промотивно-информативни и други работи од административна природа, во согласност со општите упатства на непосредно претпоставениот раководен административен службеник и под надзор; -прибира информации и податоци и помага во подготовката на материјали и документи кои содржат: стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива, стручни анализи, информации и други материјали за работни тела, предлози за планот за работа на организационата единица и извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа; -контактира со фирмите и операторите со кои е склучен договор за услуги, одржување и поддршка на телекомуникациските системи; -води евиденција за корисниците на службени мобилни телефони; врши увид и изготвува извештаи за висината на месечните трошоци во телефонијата; -се грижи за фреквентниот менаџмент и обезбедување на дозволи за работа на радио-уредите и користењето на фреквенциите; -се едуцира на стручен план со цел да се овозможи имплементација на најновите достигнувања од областа на телекомуникациите;

Реден број	107
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за телекомуникациски системи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	Телекомуникациско инжинерство, Компјутерска техника и Информатика или Одбрана
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно, квалитетно да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на институцијата и задачи од делокругот на

	одделението
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи, вклучувајќи ги меѓународните договори на кои Република Македонија им пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во својата институција и на административни службеници во други институции; -спроведува наједноставни рутински стручно-административни, нормативно-правни, извршни, статистички, административно-надзорни, информатички, кадровски, материјални, финансиски, промотивно-информативни и други работи од административна природа под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен административен службеник и административните службеници во организационата единица од повисоките нивоа; -прибира информации и податоци заради подготовка на материјали и документи кои содржат: стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива, стручни анализи, информации и други материјали за работни тела, предлози за планот за работа на организационата единица и извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа; -помага при контакт со фирмите и операторите со кои е склучен договор за услуги, одржување и поддршка на телекомуникациските системи; -помага при водење на евиденцијата за корисниците на службени мобилни телефони, врши увид и изготвува извештаи за висината на месечните трошоци во телефонијата; -помага при фреквентниот менаџмент и обезбедување на дозволи за работа на радио-уредите и користењето на фреквенциите; -се грижи за безбедноста на опремата што е поставена на објекти; -се едуцира на стручен план со цел да се овозможи имплементација на најновите достигнувања од областа на телекомуникациите;

Реден број	108
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за подршка на системите
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	Телекомуникациско инжинерство, Компјутерска техника и Информатика, Електромашинство
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно, квалитетно да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за

	работа на институцијата и задачи од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи, вклучувајќи ги меѓународните договори на кои Република Македонија им пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во својата институција и на административни службеници во други институции; -спроведува наједноставни рутински стручно-административни, нормативно-правни, извршни, статистички, административно-надзорни, информатички, кадровски, материјални, финансиски, промотивно-информативни и други работи од административна природа под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен административен службеник и административните службеници во организационата единица од повисоките нивоа; -помага при контактирање со фирмите и операторите со кои е склучен договор за услуги, одржување, имплементација и подршка на системот за тревожење и Е-112 и другитр системи; -се грижи за безбедноста на опремата која е поставен а наобјекти од системот за тревожење; -се едуцира на стручен план со цел да се овозможи имплементација на најновите достигнувања од областа на системот за тревожење, Е-112 I drugite sistemi; -ракува со средствата во секторот

Реден број	110
Шифра	УПР0101Г04000
Ниво	Г04
Звање	Помлад референт
Назив на работно место	Помлад референт за Одржување на радио-комуникациски системи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	вишо/средно гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно, квалитетно да го поддржи спроведувањето на работите од делокруг на одделението
Работни задачи и обврски	-учествува во извршувањето на помошно-стручни, сметководствени, материјално-финансиски, информативно-документациони, административно технички, статистички, информатички, кадровски, и други работи од административна природа;

	-подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на организационата единица; -учествува во оценувањето на административни службеници во својата институција и во други институции; -врши наједноставни рутински помошно-стручни, сметководствени, материјално - финансиски, информативно-документациони, административно-технички, статистички, информатички, кадровски работи, или работи од други области а кои се од административна природа, во согласност со упатствата и под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен административен службеник. -се грижи за поставување, администрирање и тековно одржување на радио системите; -води евиденција и изработува прегледи за радио системите, радио уредите во Центарот и сите регионални центри за управување со кризи; - континуирано се едуцира на стручен план;

Член 26

СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

5. Сектор за меѓународна соработка	
Реден број	111
Шифра	УПР0101Б02000
Ниво	Б02
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на сектор за меѓународна соработка
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор на Центарот
Вид на образование	Политички науки, Образование, Одбрана, Наука за јазик
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно да раководи, да дава совети, насоки или да помага при раководење со секторот и одделенијата во состав на секторот
Работни задачи и обврски	-раководи со секторот; -соработува со другите раководители на сектори во Центарот и со раководни лица од соодветно ниво од други институции од делот за меѓународните прашања; -учествува во работата на работните тела на Собранието на РМ и Владата на РМ кога за тоа е овластен од Директорот на Центарот; -во случај на отсуство или спреченост го заменува Директорот со негово овластување;

	- иницира и учествува во изготвувањето на проекти апликации, документации од донатори како ОН, ЕУ, ЕУ ИПА, НАТО и сите други донаторски странски агенции - планира, преговара и реализира меѓународни активности во Центарот во процесите на евроатланските интеграции на земјата; -учествува во планирање и обезбедување поддршка за зајакнување на оперативните капацитетина вработените на Центарот преку учество на меѓународни обуки и вежби; -Активно учествува во унапредувањето и развојот на системите НИЦС, Е 112 и сите други алатки во системот за управување со кризи; -Дава совети од организационен и меѓународен аспект за функционирањето на единствениот комуникациско-информативен системот Е-112 со единствен број на повикување, предлага и учествува во менаџирањето, подобрувањето/надградбата на истиот; -подготвува материјали и документи кои содржат иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокругот за секторoти други материјали за за разгледување на колегиум на Центарот; -планира, преговара и реализира меѓународни активности во Центарот во процесите на евроатланските интеграции на земјата; -изработува програма за работа и дава извештаи, анализи, информации и други акти.

Реден број	**112**
Шифра	УПР0101Б03000
Ниво	Б03
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на сектор за меѓународна соработка
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	Политички науки, Наука за јазик, Одбрана, Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно да раководи, да дава совети, насоки или да помага при раководењето со Секторот за меѓународна соработка
Работни задачи и обврски	-го заменува и му помага на раководителот на секторот; -соработува со другите раководни административни службеници во Центарот; -во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на Центарот;

	-врши работи за кои се бара посебна стручност и самостојност во работата што ќе му ги довери раководителот на секторот; -дава стручна помош на административните службеници во секторот за комуникацијата во меѓународен контекст, употреба и толкување на јазични норми и специфики при стручно-специјалистичка, дипломатска и протоколарна коресподенција; -учествува во процесот на планирање и програмирање на меѓународните активности на Центарот и преговори со странските партнери за нивната реализација; -помага во примената на процедурите за организација и реализација на меѓународни активности; -помага во примена на процедури за обезбедување странска помош во услови на кризна состојба во земјата; -помага при подготовка на материјали и документи за иницирање и спроведување одредени политики и програми од доменот на маѓународната соработка во управувањето со кризи и намалувањето на ризици од несреќи и катастрофи.
Реден број	**113**
Шифра	УПР0101Б03000
Ниво	Б03
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на Сектор за меѓународна соработка – претставник на ЦУК во Мисијата/Делегацијата на РепубликаМакедонија при НАТО, Брисел, Белгија
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	-Политички науки ; -Образование или -правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно да раководи, да дава совети, насоки или да помага со активностите за координација и соработка на Центарот со НАТО структурите
Работни задачи и обврски	**-** му помага на раководителот на секторот; -соработува со другите раководни службеници во Центарот -Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор го заменува врз основа на овластувања од Директорот на Центарот **-**извршува работи и задачи на планот на остварување соработа со соодветните структури во НАТО при што престојува во Мисијата/Делегацијата на РМ при седиштето на НАТО во Брисел, Белгија; -обезбедува непосредна координација и следење на активностите при НАТО SCEPC во домен на цивилното планирање и одговор во контекст на закани од несреќи и катастрофи и справување со настанати кризи,учествува во работата на телата и комитетите за што редовно доставува извештаи и предлози; -подготвува стручно-оперативни работи и координација на учество на претставници на ЦУК на активности во седиштето на НАТО, доставува информации, анализи, осврти, извештаи и други материјали до Центарот за управување со кризи;

	-остварува и одржува контакти и средби со претставници на други странски држави при НАТО; -предлага и учествува во изработка на НАТО програмите за едукација и обука на вработените во Центарот; -помага за реализација на програмите за стручно оспособување и усовршување во областа на меѓународното работење и кризниот менаџмент на вработените во Секторот; -ги следи прописите во врска со уредувањето на делокругот на својата работа и работи со странски класифицирани информации во согласност со прописите за оваа материја;
Реден број	**114**
Шифра	УПР0101Б03000
Ниво	Б03
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на Сектор за меѓународна соработка – претставник на ЦУК во Мисијата на Република Македонија при Обединети Нации,Женева,Швајцарија
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	-Политички науки ; -Образование или -Одбрана
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно да раководи, да дава совети, насоки или да помага со активностите од делокругот на Центарот за соработката со соодветните структури на ОН , со главен акцент на соработката со Секретаријатот на UN/ISDR
Работни задачи и обврски	**-** му помага на раководителот на секторот; -соработува со другите раководни службеници во Центарот -во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор го заменува врз основа на овластувања од Директорот на Центарот **-**помага при воспоставување и одржување редовна комуникација и соработка, иницира активности, редовно ја следи работата на Секретаријатот на UN/ISDR и други агенции и тела во рамките на ОН во доменот на надлежностите на Центарот, учествува на состаноци и други формати во ОН контекст за кои изработува и доставува до Центарот службена белешка; -подготвува извештаи за својата работа и обезбедува информации и други соодветни материјали, -ги следи прописите во врска со уредувањето на делокругот на својата работа; -учествува при остварување и одржување на контакти со претставници на други странски држави и мисии и презентира ставови и активности на Центарот за намалување на ризици од несреќи и катстрофи;

5.1 Одделение за билатерална и регионална соработка	
Реден број	**115**
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б04
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделението за билатерална и регионална соработка
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	-Политички науки; -Наука за јазик или -правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно да раководи, да дава совети, насоки или да помага при раководење со секторот од делокругот на билатерална и регионална соработка
Работни задачи и обврски	-раководи со одделението; **-с**оработува со другите раководни административни службеници во Центарот и со раководни административни службеници на соодветно ниво од други органи, за прашање од делокругот на одделението; -во случај на отсуство или спреченост на Раководителот на секторот, го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на Центарот. -предлага мерки за обезбедување на континуитет во меѓународна соработка , консултации и координација во управувањето со кризи на билатерална основа и во регионален контекст; -предлага мерки и активности за планирање, воспоставување и унапредување на соработката на билатерален план; -помага во воспоставување и одржување комуникација со странски дипломатски-конзуларни претставништва во земјата во врска со реализација на билатерални и регионална соработка на Центарот; -ги координира и извршува организациско-административни подготовки за реализација на работни посети на Центарот на претставници од странски земји и учество на претставници на Центарот на работни посети и други билатерални и регионални активности во странство; -предлага и учествува во активности во врска со намалување на ризици од катастрофи во билатерален и регионален контекст; -предлага програма на меѓународни активности, следи и ажурира податоци, документација и финансиското работење од надлежноста на одделението; -дава стручна помош и подршка на упатените на работа во странство претставници на Центарот;
Реден број	**116**
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за Билатерална соработка со европски држави
Број на извршители	1

Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Наука за книжевноста
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно,ефективно, квалитетно да ги извршува работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; **-п**редлага активности за воспоставување и обезбедување континуитет во меѓународната билатерална соработка, консултации и координација во управувањето со кризи; -предлага мерки и активности за планирање, воспоставување и реализирање на билатералната и регионална соработка на Центарот; -извршува организациско-административни подготовки за реализација на работни посети на центарот од странски земји и учество на претставници на Центарот на работни посети и други билатерални и регионални активности во странство; -извршува работи и задачи кои се однесуваат на дипломатскиот протокол за потребите на директорот и заменик директорот на Центарот во вршење на нивните меѓународни активности; **-п**одготвува стручни анализи, информации и други материјали за соработката и земјите за кои е задолжен; -изработува подготвителни материјали и учествува на состаноци за кои изготвува службена белешка, се грижи за навремена и целосна реализација на задачите кои произлегуваат како заклучок од состаноците; -подготвува оперативни процедури за координација и соработка со надлежните дипломатско конзуларни претставништва на други држави и соодветните странски национални институции во услови на кризни состојби;

Реден број	**117**
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за Регионални иницијативи и програми
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	- политички науки, правни науки, наука за јазик, економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно,ефективно, квалитетно да ги извршува работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за

	работа на Центарот и задачите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; - учествува во финансиското работење и изработка на предлог-финансиски план за работа на секторот ; -спроведува стручно-административни работи и задачи поврзани со регионални иницијативи и програми ; -спроведува оперативни работи и задачи од регионалната координација и соработка на ЦУК со соодветни иницијативи и институции на државите од регионот; формира и ажурира регистар на институции и изготвува листа со лица за контакт; -подготвува стручни анализи за воспоставување билатерална и регионална соработка; -учествува во работата на меѓусекторски и меѓуресорски работни групи за прашања врзани за областа за која е надлежен; изработува подготвителни материјали и учествува на состаноци за кои изготвува службена белешка, се грижи за навремена и целосна реализација на задачите кои произлегуваат како заклучок од состаноците; -учествува во процесот на координација за странска помош и поддршка во реализацијата на одредени приоритети и активности во надлежност на Центарот;

Реден број	118
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за регионални иницијативи и програми
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	политички науки, правни науки, одбрана, економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да го поддржиспровдувањето на работите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	-Врши административни работи од надлежност на одделението; -Ги следи и применува приписите во областа во која што работи; -Учествува во оценувањето на административни службеници во центарот и во други институции;

	-Помага во извршување на работни задачи од билатерална координацијаи соработка на Центарот со соодветни институции; -помага во изработка на подготвителни материјали од состаноци во меѓусектоски и меѓуресорски групи; -Помага во прибирање на податоци и информации неопходни за подготовка на документи за анализи и прашања кои се од значење за билатералната соработка; -Помага во извршување на информатичка обработка нана акти што се изработуваат во секторот; -Доставува документи за заверка во архивата; -Помага во изработка на предлог план на потребно материјално-технички и потрошни средства за секторот .

Реден број	**119**
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за Протокол и патување во странство
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	-Политички науки; -Наука за јазик или -Правни науки;
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно,ефективно и квалитетно да ги извршува работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -помага во работи и задачи во врска со протоколот и патувањата во странство; -помага во извршување на организациско-административни подготовки за реализација на работни посети на Центарот на претставници од странски земји и учество на претставници на Центарот на работни посети и други меѓународни активности; -помага во извршување на информатичка обработка на акти што се изработуваат во секторот; -спроведува акти за заверка во архивата; -помага во водење интерна евиденција на пристигнати и распределени акти во рамките на секторот; -помага во изработка на предлог-план на потребни материјално-технички и потрошни средства за секторот и води евиденција на распределбата; -помага во извршување на протоколарни работи и задачи и придружба на странски претставници;

5.2 Одделение за мултилатерална соработка	
Реден број	**120**
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б04
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделението за мултилатерална соработка
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	-Политички науки; -Правни науки или -Психологија
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да раководи, да дава совети, насоки или да помага при раководење со одделението од делокругот на Европска Унија ,Организација на обединетите нации и други меѓународни организации.
Работни задачи и обврски	-раководи со одделението; **-с**оработува со другите раководни административни службеници во Центарот и со раководни административни службеници на соодветно ниво од други органи, за прашање од делокругот на одделението; -Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на Центарот. -ја координира и насочува работата во одделението за обезбедување комуникација и координација со соодветните институции во земјата и странство; -предлага Програма за намалување и ублажување на последиците во кризни состојби за ранливи групи согласно ЕУ и ООН политики ; -предлага мерки и активности за воспоставување и унапредување на соработката со меѓународните организации; -ги следи законските прописи од доменот на меѓународната координација и предлага тези при изработка на законски и подзаконски акти; -предлага процедури за координација, форми и активности за соработка; во соработка со надлежните во Центарот обезбедува координирано информирање на странските партнери за активности од интерес на Центарот; **-**на предлог на раководителот на секторот учествува, предлага и организира состаноци за планирање на активности со странските соработници; дава предлози за протоколарни активности со странските соработници;
Реден број	**121**
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за Европска Унија
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	-Политички науки; -Правни науки или -Психологија

Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно,ефективно, квалитетно да ги извршува работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -ја подготвува соработката со ЕУ претставниците во Република Македонија за прашања од надлежност на Центарот, ги координира активностите со Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи и други ресори; -подготвува Програма за намалување и ублажување на последиците во кризни состојби за ранливи групи согласно ЕУ политики ; -го подготвува процесот на изготвување и имплементирање на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) за прашања кои се во надлежност на Центарот; го подготвува учеството во работата на Работните групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (РГ-НПАА) за прашања и поглавја во надлежност на Центарот; извршува работи при одржување на електронска библиотека на документи и акти поврзани со процесот на европски интеграции на РМ; -подготовка на документи и информации за процесот на интегрирање во ЕУ, обезбедува информации за пристап и користење на ЕУ фондовите и координација на активностите; -извршува координација на активностите за учество на претставници на Центар на активности во ЕУ контекст; -ги следи и координира активностите поврзани со членството во Советот на Европа, се грижи за доследно спроведување на обврските превземени од ратификуваните документи со Советот на Европа од доменот на надлежности на Центар; -учествува во прибирање на информации за активности поврзани со Договорот за големи несреќи и катастрофи ЕУРОПА; -извршува координација на работата при изготвување на извештаи до Советот на Европа и Европската комисија и ги известува членовите за начинот и формата на изготвување на извештаи, учествува на состаноци на кои се согледува прогресот и врши навремено доставување на извештаите;
Реден број	**123**
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Обединети нации
Број на извршители	1

Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	-Правни науки; -Наука за книжевноста или -Политички науки;
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно,ефективно, квалитетно да ги извршува работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -помага во студиско-аналитички и стручно-оперативни работи и задачи од делогругот на соработката на Центарот со агенциите и телата на ОН, воспоставува и одржува редовна координација и комуникација со Канцеларијата на резидентниот координатор на ОН во РепубликаМакедонија и претставниците на ОН агенциите во земјата; -помага при подготвувка на информации, помага во соработката и интеракција со системот на ОН за подготовка и спроведување на активности насочени кон ефективно и ефикасно остварување на развојните цели и други меѓународни препораки и обврски коишто произлегуваат од конференции, самити, конвенции и инструменти на ОН а се однесуваат на управувањето со кризи и намалувањето на ризици од несреќи и катастрофи; -врши координација и организација на учество на претставници на Центарот на активности во странство во ОН контекст; -помага при подготивка на подготвителни материјали и учествува на состаноци за кои изготвува службена белешка, се грижи за навремена и целосна реализација на задачите кои произлегуваат како заклучок од состаноците; -помага во изработката на оперативни процедури за координација и соработка на меѓународен план во услови на кризни состојби;
Реден број	**124**
Шифра	УПР0101Г04000
Ниво	Г04
Звање	Помлад референт
Назив на работно место	Помлад референт за Административно-технички работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	вишо/средно гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно, квалитетно да го подржи спроведувањето на работите од делокруг на одделението

Работни задачи и обврски	-учествува во извршувањето на помошно-стручни, административно – технички и други работи од административна природа; -подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на одделението; -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -помага во собирање и средување на документи и податоци кои се однесуваат на: административно-технички работи извршува работи и задачи кои се извршуваат во одделението и во секторот а кои се однесуваат на административна и техничка поддршка, -помага при информатичка обработка на акти што се изработуваат во секторот; -умножување на материјали; доставува акти за заверка во архивата; -помага во водење на интерна евиденција на пристигнати и распределени акти во рамките на секторот; -помага во изработка на предлог-план на потребни материјално-технички и потрошни средства за секторот и води евиденција на распределбата; -помага при следење и применување на прописите од областа на архивското работење; -помага во извршување протоколарни работи и задачи и придружба на странски претставници; по потреба е возач;
5.3 Одделение за НАТО и странски класифицирани информации	
Реден број	**125**
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б04
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделението за НАТО и странски класифицирани информации
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	-Образование; -Политички науки или -Одбрана
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да раководи, да дава совети, насоки и да помага при раководење со одделението од делокругот на НАТО и странски класифицирани информации
Работни задачи и обврски	--раководи со одделението; -соработува со другите раководни административни службеници во Центарот и со раководни административни службеници на соодветно ниво од други органи, за прашање од делокругот на одделението; -во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на Центарот;

	-предлага и учествува во изработка на меѓународните програми за едукација и обука на вработените во Центарот; -изработува програма за едукација и обука во НАТО школите, дава предлози за стручно оспособување и усовршување во областа на меѓународното работење и кризниот менаџмент на вработените во одделението; -помага во активностите за планирање и учество во работата на телата и комитетите во НАТО формат согласно надлежностите на Центарот; -ја следи и координира изработката на националните документи од делот на кризниот менаџмент во насока на целосна интероперабилност со НАТО; -при прогласена кризна состојба ги координира активностите за барање на странска помош преку НАТО воспоставениот систем; -се грижи да се обезбеди континуитет во меѓународната соработка на Центарот, консултации и координација во управувањето со кризи со структурите на НАТО; -ги насочува активностите за безбеден и соодветен прием, обработка, чување и работа со странски класифицирани информации; -дава предлози за стручно оспособување и усовршување во областа на меѓународното работење и кризниот менаџмент на вработените во одделението
Реден број	**126**
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за Соработка со НАТО
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	-Политички науки; -Одбрана или -Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно,ефективно, квалитетно да ги извршува работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	--врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции;

	-соработува во изработка на меѓународните и НАТО програмите за едукација и обука на вработените во Центарот и помага во процесот на нивната имплементација; -изработува програма за едукација и обука во НАТО школите; -дава предлози за стручно оспособување и усовршување во областа на меѓународното работење и кризниот менаџмент на вработените во одделението; -ги следи активностите при НАТО Комитетот за отпорност во домен на цивилното планирање; -извршува студиско-аналитички и стручно-оперативни работи и задачи од соработката и координацијата на Центарот во делот на Цивилната подготвеност и седумте основни критериуми за отпорност на НАТО; -реализира активности кои се однесуваат на ефикасна имплементација на активностите во НАТО контекст со континуирано следење на обврските, задачите и должностите што произлегуваат од истите; -врши анализа и дистрибуција на пристигнатите предметни документи до надлежните органи и институции и редовна координација со лицата за контакт; изготвува анализа и дава препораки за унапредување на имплементацијата на активностите на НАТО; -врши координација на прием на барања за меѓународна помош доставени од страна на EADRCC; -при прогласена кризна состојба проследува барања и прима понуди на странска помош преку НАТО воспоставениот систем; -подготвува и обезбедува информации и координира учество на обуки, конференции и состаноци, како и постојана размена на тековните информации со Постојаната делегација на Република Македонија при НАТО во Брисел; -извршува стручна подготовка на лицата кои се одредени за упатување во меѓународни мисии во странство.
Реден број	**127**
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за Соработка со НАТО-претставник во НАТО, Брисел, Белгија
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	-Политички науки; -Одбрана или -правни науки
Други посебни услови	

Работни цели	Ефикасно,ефективно, квалитетно да ги извршува работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -извршува работи и задачи на планот на остварување соработа со соодветните структури во НАТО при што престојува во Постојаната делегација на Република Македонија при седиштето на НАТО во Брисел; -учествува во изработка на меѓународните програми за едукација и обука на вработените во Центарот и активно го следи и креира процесот на нивна имплементација; -изработува програма за едукација и обука во НАТО школите; дава предлози за стручно оспособување и усовршување во областа на меѓународното работење и кризниот менаџмент на вработените во одделението; -извршува непосредно учество во обезбедувањето непосредна координација и следење на активностите при НАТО Комитетот за отпорност во домен на цивилното планирање и одговор во контекст на закани од несреќи и катастрофи и справување со настанати кризи, учествува во работата на телата и комитетите за што редовно доставува извештаи и предлози; -извршува стручно-оперативни работи и координација на учество на претставници на Центарот на активности во седиштето на НАТО, доставува информации, анализи, осврти, извештаи и други материјали до Центарот за управување со кризи; -спроведува и остварува и одржува контакти со претставници на други странски држави при НАТО.

Реден број	**127-а**
Шифра	УПР0101В02000
Ниво	В02
Звање	Виш соработник
Назив на работно место	Виш соработник за соработка со НАТО-претставник во НАТО, Брисел, Белгија
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	-Политички науки; -правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно,ефективно, квалитетно да ги извршува работните

	задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -извршува работи и задачи на планот на остварување соработа со соодветните структури во НАТО при што престојува во Постојаната делегација на Република Македонија при седиштето на НАТО во Брисел; -учествува во изработка на меѓународните програми за едукација и обука на вработените во Центарот и активно го следи и креира процесот на нивна имплементација; -изработува програма за едукација и обука во НАТО школите; дава предлози за стручно оспособување и усовршување во областа на меѓународното работење и кризниот менаџмент на вработените во одделението; -извршува непосредно учество во обезбедувањето непосредна координација и следење на активностите при НАТО Комитетот за отпорност во домен на цивилното планирање и одговор во контекст на закани од несреќи и катастрофи и справување со настанати кризи, учествува во работата на телата и комитетите за што редовно доставува извештаи и предлози; -извршува стручно-оперативни работи и координација на учество на претставници на Центарот на активности во седиштето на НАТО, доставува информации, анализи, осврти, извештаи и други материјали до Центарот за управување со кризи; -спроведува и остварува и одржува контакти со претставници на други странски држави при НАТО.

Реден број	**128**
Шифра	УПР0101В02000
Ниво	В02
Звање	Виш соработник
Назив на работно место	Виш соработник за соработка со НАТО и десиминација на странски класифицирани информации
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Политички науки, Правни науки

Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно,ефективно, квалитетно да ги извршува работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -соработува во изработка на меѓународни и НАТО програми за едукација и обука на вработените во Центарот и помага во процесот на нивната имплементација; - следи активности на НАТО и соработката со ОБСЕ, ООН, Советот за Европа, ЕУ и сите иницијативи кои произлегуваат од истите, како и активностите по областите на соработка, човекови права, хемиско, биолошко, нуклеарно и конвенционално оружје; -изработува анализа за политичката активност на сите земји и институции во регионот; -ги следи и работи на програмите и документите за НАТО интероперативност; -го координира учеството на претставници на Центарот на состаноци, обуки и вежби и други активности во НАТО формат; -ги следи и ги применува прописите за прием, работа и чување на странски класифицирани информации, врши работи и задачи за прием и дисеминација на странски класифицирани информации; -врши прием, обработка, распоредување и обезбедување насоки за дистрибуција на странските класифицирани информации; -подготвува потребна документација за барање на издавање на безбедносен серттификат за пристап до странски класифиицирани информации; -прибира податоци за евиденција на издадени безбедносни сертификати за пристап до странски класифицирани информации; -учествува во покренување на истрага во случај на протекување или пробивање на безбедноста на странските класифицирани информации
Реден број	**129**
Шифра	УПР0101В01000

Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за соработка со НАТО и странски класифицирани информации
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Политички науки, Одбрана, Наука за книжевноста
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно,ефективно, квалитетно да ги извршува работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -соработува во изработка на меѓународните и НАТО програмите за едукација и обука на вработените во Центарот и помага во процесот на нивната имплементација; -ги следи активностите при НАТО Комитетот за отпорност во домен на цивилното планирање; -извршува студиско-аналитички и стручно-оперативни работи и задачи од соработката и координацијата на Центарот во делот на Цивилната подготвеност и седумте основни критериуми за отпорност на НАТО; -дава предлози и учествува во активности од регионалната соработка поврзани со членството во НАТО; -ги следи, анализира и сублимира искуствата од соработката со НАТО; -планира, анализира и следи активности за соработка со НАТО комитетите и работните групи; -ги следи и работи на програмите и документите за НАТО интероперативност; - го координира учеството на претставници на Центарот на состаноци, обуки и вежби и други активности во НАТО формат; -ги следи и ги применува прописите за прием, работа и чување на странски класифицирани информации, врши работи и задачи за прием и дисеминација на странски класифицирани информации;

	-врши прием, обработка, распоредување и обезбедување насоки за дистрибуција на странските класифицирани информации; -води евиденција на издадени безбедносни сертификати за пристап до странски класифицирани информации; -учествува во покренување на истрага во случај на протекување или пробивање на безбедноста на странските класифицирани информации

Реден број	**130**
Шифра	УПР0101Г04000
Ниво	Г04
Звање	Помлад референт
Назив на работно место	Помлад референт за Странски класифицирани информации
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	-средно стручно – информатика или -гимназиско
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно, квалитетно да го подржи спроведувањето на работите од делокруг на одделението
Работни задачи и обврски	учествува во извршувањето на помошно-стручни, административно – технички и други работи од административна природа; -подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на одделението; -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -помага при прием, заведување, распоредување, дистрибуирање и евидентирање користење на странски класифицирани информации; -помага при подготвување на потребна документација за барање на издавање на безбедносен серттификат за пристап до странски класифиицирани информации; -помага при водење евиденција на издадени безбедносни сертификати за пристап до странски класифицирани информации; учествува во покренување на истрага во случај на протекување или пробивање на безбедноста на странските класифицирани информаци; -може да биде задолжен да управува службено возило при реализацијата на задолженијата; -помага во административно – технички изработка на оперативни процедури во својот делокруг на работа; дава предлози до раководителот на одделението за ефикасно извршување на работните задачи од својот делокруг на работа.

Член 27

СЕКТОР ЗА ОПЕРАЦИИ И КООРДИНАЦИЈА

6.Сектор за операции и координација	
Реден број	131
Шифра	УПР0101Б02000
Ниво	Б02
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на Сектор за операции и координација
Број на извршители	1
Одговара пред	Директорот на Центарот
Вид на образование	Одбрана, Образование и Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да раководи, да дава совети, насоки или да помага при раководење со институцијата или организационите единици во рамките на институцијата и одделенијата во состав на секторот
Работни задачи и обврски	-раководи со секторот; -дава совети на директорот за прашања од делокругот на оперативно работење и поддршка на неговата работа; -одговорен е за законито, навремено и квалитетно вршење на работите во секторот и иницира и предлага ставови по начелни прашања од надлежност на органот; -изработува програма за работа и дава извештаи, анализи, информации и други акти, го изготвува планот за работа и извештајот за извршени задачи на секторот во координација со раководителите на одделенијата и врши оценување на државните службеници; изготвува предлог-план во координација со раководителите на одделенијата за планирани активности за стручно усовршување и обучување на вработените во секторот и предлага плански активности за реализација на обуки на учесниците на системот од делокругот на работите на секторот и истите ги доставува до надлежниот сектор; -дава задолженија на помошниците раководители на сектор и ја следи реализацијата на поставените задолженија; -Врши распоредување на пристигнатата пошта и ги распоредува работните задачи на раководителите на одделенијата во согласност со нивните стручни знаења предвидени со актот за систематизација и врши непосредна контрола и надзор за реализација на истите, дава стручна помош и упатстава за работа и се грижи за работната дисциплина на вработените во секторот; -насочува, организира и ја координира работата на одделенијата во секторот од областа на оперативно дежурство 24/7, 365 дена во годината, дојава на ургентни состојби, планирањето и извршување на операции и координацијата со истите, организацијата и функционирање на криптозаштита и Македонска крипто шифра, функционирање на регистерот на ресурси, просторно прикажување на истите, и дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања кои бараат највисоко ниво на Центарот;

Вид на образование	Јавна управа и администрација, Одбрана, Машинство
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачи од делокругот на одделението,
Работни задачи и обврски	-извршува најсложени работи и задачи кои се вршат во одделението, а кои се однесуваат на: соработка со локалните власти и локални структури и ресурси во системот за управување со кризи во општината и прибира податоци неопходни за евиденција на ресурсите од подрачјето на општината; -работи според стандардните оперативни процедури и мапи на процеси за субјектите во системот, и ги следи состојбите и појавите кои можат да доведат до настанување на криза на подрачјето на општината во организација и координација со локалната самоуправа, и помага во планирањето, процената и употребата на ресурсите за општината -учествува во остварување на соработка со институциите опфатени со системот за управување со кризи во зоната на одговорност на регионалниот центар за управување со кризи; -учествува при изработка на анализи и обработка на податоците и информациите од подрачјето на општината; -прибира податоци неопходни за изработка на процената на загрозеноста на општината од сите ризици и опасности и ја изработува истата; -во кризни ситуации и кризна состојба работата ја извршува согласно потребите и подолго од редовното работно време и во посебни услови на работа, при што ги спроведува дадените насоки и инструкции и по потреба се вклучува во работа во смени и теренски услови на територијата во негова надлежност, -согласно завршени обуки за обучувачи врши обука на останати вработени во ЦУК и лица од субјектите во СУК, и врши и други работи утврдени со актите за организација и систематизација на работните места што ќе му бидат доверени; -врши административни работи од надлежност на одделението;

	-ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции.

Реден број	475
Шифра	УПР 0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Подготовки на субјектите на системот од интерес за Општината Маврово и Ростуша
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на подрачно одделение -РЦУК Гостивар
Вид на образование	машинство
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачи од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	-врши работи и задачи кои се вршат во одделението, а кои се однесуваат на: соработка со локалните власти и локални структури и ресурси во системот за управување со кризи во општината и прибира податоци неопходни за евиденција на ресурсите од подрачјето на општината; -Работи според стандардните оперативни процедури и мапи на процеси за субјектите во системот, и ги следи состојбите и појавите кои можат да доведат до настанување на криза на подрачјето на општината во организација и координација со локалната самоуправа, и помага во планирањето, процената и употребата на ресурсите за општината; -Учествува во остварување на соработка со институциите опфатени со системот за управување со кризи во зоната на одговорност на регионалниот центар за управување со кризи; - Учествува при изработка на анализи и обработка на податоците и информациите од подрачјето на општината; -Прибира податоци неопходни за изработка на процената на загрозеноста на општината од сите ризици и опасности и ја изработува истата; -Во кризни ситуации и кризна состојба работата ја извршува согласно потребите и подолго од редовното работно време и во посебни услови на работа, при што ги спроведува дадените насоки и инструкции и по потреба се вклучува во работа во смени и теренски услови на територијата во негова надлежност; -Согласно завршени обуки за обучувачи врши обука на останати вработени во ЦУК и лица од субјектите во СУК.

Реден број	475-а
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за подготовки на субјектите на системот од интерес за Општина Маврово и Ростуша
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Политички науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачи од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република македонија пристапила или ги ратификувала; -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; - спроведува работи и задачи кои се вршат во одделението, а кои се однесуваат на: соработка со локалните власти и локални структури и ресурси во системот за управување со кризи во општината; - работи според стандардните оперативни процедури и мапи на процеси за субјектите во системот, и ги следи состојбите и појавите кои можат да доведат до настанување на криза на подрачјето на општината во организација и координација со локалната самоуправа, и помага во планирањето, процената и употребата на ресурсите за општината; - помага на раководителот на одделение при остварување на соработка со институциите опфатени со системот за управување со кризи во зоната на одговорност на регионалниот центар за управување со кризи; - помага при вршење на анализи и обработка на податоците и информациите од подрачјето на општината; - под надзор од раководителот на одделението прибира податоци неопходни за изработка на процената на загрозеноста на општината од сите ризици и опасности и ја изработува истата; -во кризни ситуации и кризна состојба работата ја извршува согласно потребите и подолго од редовното работно време и во посебни услови на работа, при што ги спроведува дадените насоки и инструкции и по потреба се вклучува во работа во смени и теренски услови на територијата во негова надлежност; -согласно завршени обуки за обучувачи врши обука на останати вработени во ЦУК и лица од субјектите во СУК и врши и други работи утврдени со актите за организација и систематизација на работните места што ќе му бидат доверени;

Реден број	476, 477
Шифра	УПР 0101Г01000
Ниво	Г01
Звање	Самостоен референт

Назив на работно место	Самостоен Референт за криптозаштита, административно и оперативно -технички работи за РЦУК Гостивар
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководител на подрачно одделение -РЦУК Гостивар
Вид на образование	Вишо – Средно стручно образование Гимназиско,Електро-техничко,
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да го поддржи спроведувањето на работите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	-Учествува во извршувањето на помошно-стручни, сметководствени, материјално финансиски, информативно-документациони, административно-технички, статистички, информатички, кадровски и други работи од административна природа; -Подготвува материјали, документи и подаци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на одделението; -Учествува во оценувањето на административни службеници во центарот и во други институции; - Води деловодственото и архивското работење и управување со материјално-технички средсва на регионалниот центар за управување со кризи, дневна евиденција и дневник за состојбата, извршините задачи и остварените контакти, јавувања за време на дежурството, извршува проверка и употреба на системите за врски, агрегатите за резервно напојување со електрична енергија; - Извршува оперативни работи во согласност со Упатството и стандардните оперативни постапки, процедури и мапи на процеси за работа, а кои се однесувааат на прибирање, проверка, обработка и доставување известувања, информации и извештаи за појави и настани на подрачјата за кои е надлежен регионалниот центар за управување со кризи; - Се грижи за брз и точен прием и пренесување на наредбите – сигналите за извршување на мобилизација на субјектите од СУК, како и за брз и точен прием и пренос на сигналите од планот за спроведување на мерките за приправност - Извршува задачи во врска со изработка и дистрибуција на дневна информација до надлежните субјекти и води евиденција за достава на дневна информација.врши криптообработка на сите класифиицирани информации кои се пренесуваат преку системот на МКШ, прием и пренесување на сите телефакси, пораки, соопштенија преку средствата за врски,се грижи за брз и точен прием и пренесување на наредбите – сигналите за извршување на мобилизација на субјектите од СУК, како и за брз и точен прием и пренос на сигналите од планот за спроведување на мерките за приправност. - Извршува задачи во врска со известување на населението на подрачјата на регионалниот центар за управување со кризи, преку средствата за јавно информирање за сите јавни настани кои се од интерес за безбедноста и заштитата на граѓаните, јавно тревожење на населението со вклучување на сирени од системот за јавно тревожење во согласност со прописите; - Во кризни ситуации и кризна состојба работата ја извршува согласно потребите и подолго од редовното работно време и во посебни услови на работа, при што ги спроведува дадените насоки и инструкции и по потреба се вклучува во работа во смени

	- Врши и други работи утврдени со актите за организација и систематизација на работните места што ќе му бидат доверени;
Реден број	478
Шифра	УПР 0101Г04000
Ниво	Г01
Звање	Помлад референт
Назив на работно место	Помлад референт за оперативно стручни работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на подрачно одделение -РЦУК Гостивар
Вид на образование	Вишо/гимназиско, Средно стручно образование,електротехничар-енергетичар
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да го поддржи спроведувањето на работите од делокругот на одделението
Работни задачи и обврски	учествува во извршување на стручни, информативно-документациони и оперативни работи кои ќе му бидат доверени; - извршува работи и задачи од деловодственото и архивското работење за потребите на одделението; - обработува документација како основа за изготвување на анализи и информации од дејноста на одделението; - подготвува и обработува статистички и други податоци од дејноста на одделението; - работи според стандардните оперативни процедури и мапи на процеси; - по потреба работите и задачите ги извршува во смени и во теренски услови;

6.38. „Одделение за организирање на систем за командување со инциденти – NICS”.

Реден број	479
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б04
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за организирање на систем за командување со инциденти-NICS
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	Организациони науки и управување (менаџмент), Одбрана, Правни науки,
Други посебни услови	

Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да раководи, да дава совети, насоки или да помага при раководење со одделението од доменот на нормативно правните и управните работи
Работни задачи и обврски	-раководи со одделението; -врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република Македонија пристапила или ги ратификувала, -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -одговорен е за перманентна соработка, комуникација и координација со сите субјекти во системот за управување со кризи и подготовка на нивно учество во фазите на превенција, рано предупредување и управување со можни ризици и опасности, настанати кризни состојби, како и опоравување во посткризниот период, учествува во подготовките и реализацијата на вежни и вежбовни активности во Центарот и со други субјекти од СУК, -ја планира, организира, насочува и координира работата на одделението, ги распоредува работите и задачите на вработените во одделението, и врши непосредна контрола и надзор на извршувањето на работите и задачите; ги прегледува и парафира изработените акти во одделението, -работи и извршува работни задачи во прогласена кризна состојба согласно СОП за кризна состојба, работата ја извршува согласно потребите и подолго од редовното работно време и во посебни услови на работа,по потреба работи во смена и на терен,дава упатства за извршување на работите и задачите од доменот на планирањето и реализирањето на операциите на терен, -врши анализа, оценување и проценување на прашањата и проблемите кои се појавуваат и иницира нови идеи за работа од областа која ја покрива одделението,иницира и изработува нормативно правни акти за одделението и секторот,работи според стандардните оперативни процедури и мапи на процеси за субјектите во системот;

	-Планира и реализира обуки и др. стручно оспособување за потребите на Центарот и субјектите од Системот за управување со кризи,извршува реализација на наставни содржини од програмите на високообразовните институции кои образуваат кадар за кризен менаџмент, дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа во Центарот, -соработува со другите раководни административни службеници во Центарот и со раководни административни службеници на соодветно ниво од други органи, за прашања од делокругот на одделението,во случај на отсуство или спреченост на непосредно претпоставениот административен службеник го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на Центарот. -врши следење на дневните настани за сите ризици и опасности кои настанале во последните 24 часа во државата и организира оперативна координација за одговор на ескалирање на инциденти со користење на NICS -врши анализа (оперативно) за дневни настани која се однесува на определување на сите карактеристики за ризикот или појавениот инцидент од настанувањето, справувањето, ескалирањето се до елиминирањето на опасноста и изработка на извештај за инцидентот со користење на NICS.

Реден број	479-а
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	советник
Назив на работно место	Советник-извршител за креирање на кориснички привилегии во време на случување на инцидентот
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Безбедност,Одбрана, Правни науки
Други посебни услови	

Работни цели	-Ефикасно, ефективно и квалитетно, да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачи од делокругот на одделението,
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република македонија пристапила или ги ратификувала -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -врши обединување на работите од области на подготовките, планирање и реализирање на активностите за остварување на соработката со владините институции, а во соработка со Министерството за одбрана врши подготовки на Центарот за функционирање во вонредна и воена состојба; -извршува работи и задачи за соработка со надлежни органи и тела при Владата на РМ, со стручни и научни институции и еминентни експерти во функција на прибавување анализи и податоци на активностите за надминување на настанати кризни состојби и отстранување на ризиците и опасностите по животот, здравјетео и имотот на граѓаните и на РМ; -извршува задачи во делот на внес, ажурирање на ресурсите од делокруугот на надлежности, нивно просторнио прикажување и употребливост како и сите произлезени задачи од овој дел, ги следи прописите во врска со уредувањето на делокругот на својата работа; спроведува стручно-оперативни работи, го анализира остварувањето на системот во управување со кризи во органите на државните власт и органите на државната управа; -подготвува, ги анализира и проценува потенцијалните опасности кои можат да предизвикаат кризи и планира мерки за нивно надминување; работи и извршува работни задачи во прогласена кризна состојба согласно СОП за кризна состојба,во кризна состојба работата ја извршува согласно потребите и подолго од редовното работно време

	-врши и други работи утврдени со актот за систематизација на работните места,извршува работи и задачи во посебни услови за работа, по потреба работи во смена и на терен. - креира кориснички привилегии во време на случување на инцидентот -врши следење на дневните настани за сите ризици и опасности кои настанале во последните 24 часа во државата и организира оперативна координација за одговор на ескалирање на инциденти со користење на NICS.

Реден број	479-б
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	советник
Назив на работно место	Советник-извршител за водење инциденти
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Организациони науки и управување (менаџмент), Одбрана, Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	-Ефикасно, ефективно и квалитетно, да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачи од делокругот на одделението,
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република македонија пристапила или ги ратификувала -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции; -спроведува соработка со јавни претпријатија и јавни установи во функција на прибавување анализи и податоци и обезбедува координација на активностите за надминување на настанати кризни состојби и отстранување

	на ризиците и опасностите по животот, здравјето и имотот на граѓаните и на РМ; -подготвува, ги анализира и проценува потенцијалните опасности кои можат да предизвикаат кризи и планира мерки за нивно надминување; работи и извршува работни задачи во прогласена кризна состојба согласно СОП за кризна состојба,во кризна состојба работата ја извршува согласно потребите и подолго од редовното работно време -врши и други работи утврдени со актот за систематизација на работните места, -извршува работи и задачи во посебни услови за работа, по потреба работи во смена и на терен. -креирање и водење инциденти -врши анализа (оперативно) за дневни настани која се однесува на определување на сите карактеристики за ризикот или појавениот инцидент од настанувањето, справувањето, ескалирањето се до елиминирањето на опасноста и изработка на извештај за инцидентот со користење на NICS.

Реден број	479-в
Шифра	УПР0101 В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник-извршител за интегрирање на податоци од база на податоци за водење инциденти
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Безбедност, Организациони науки и управување (менаџмент), Одбрана, Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачи од делокругот на одделението,

Работни задачи и обврски	врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република македонија пристапила или ги ратификувала -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции -ја следи работата од доменот на логистичко обезбедување на реализирањето на операциите, водење на евиденција и ажурирање на материјално-технички средства на субјектите во Системот за управување со кризи (Регистар на ресурси) -прибира податоци за регистерот на ресурси од надлежни на органите и телата при Владата на РМ, локалната самоуправа, со невладини институции, верски заедници и јавни претпријатија, со академски институции, лаборатории и трговски друштва во функција на прибавување анализи и податоци за начините на делување во рамките на расположивите објекти и инсталации што се на располагање за надминување на настанатата ситуација; -врши дневно мапирање на настани и појави и изработка на мапа на ризици -учествува во водењето на регистарот и оставарува соработка со јавни установи и служби, јавни претпријатија, трговски друштва од посебен интерес и со невладини организации и здруженија на граѓани во функција на матераијално-техничко обезбедување на активностите за превенција и справување со настанати кризни ситуации; -врши и други работи утврдени со актот за систематизација на работните места, -извршува работи и задачи во посебни услови за работа, по потреба работи во смена и на терен. -работи и извршува работни задачи во прогласена кризна состојба согласно СОП за кризна состојба,и работата ја извршува согласно потребите и подолго од редовното работно време -интегрира податоци од база на податоци за водење инциденти - овозможува развој на системот и организира спроведување на NICS стручни обуки

Реден број	479 - г
Шифра	УПР0101 В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник-извршител за развој на системот и организирање на NICS стручни обуки
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Безбедност, Организациони науки и управување (менаџмент), Одбрана, Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Центарот и задачи од делокругот на одделението,
Работни задачи и обврски	врши административни работи од надлежност на одделението; -ги следи и применува прописите од областа во која што работи вклучувајќи ги и меѓународните договори во кои Република македонија пристапила или ги ратификувала -учествува во оценувањето на административни службеници во Центарот и на административни службеници во други институции -ја следи работата од доменот на логистичко обезбедување на реализирањето на операциите, водење на евиденција и ажурирање на материјално-технички средства на субјектите во Системот за управување со кризи (Регистар на ресурси) -прибира податоци за регистерот на ресурси од надлежни на органите и телата при Владата на РМ, локалната самоуправа, со невладини институции, верски заедници и јавни претпријатија, со академски институции, лаборатории и трговски друштва во функција на прибавување анализи и податоци за начините на делување во рамките на расположивите објекти и инсталации што се на располагање за надминување на настанатата ситуација;

	-врши дневно мапирање на настани и појави и изработка на мапа на ризици -учествува во водењето на регистарот и оставарува соработка со јавни установи и служби, јавни претпријатија, трговски друштва од посебен интерес и со невладини организации и здруженија на граѓани во функција на матераијално-техничко обезбедување на активностите за превенција и справување со настанати кризни ситуации; -врши и други работи утврдени со актот за систематизација на работните места, -извршува работи и задачи во посебни услови за работа, по потреба работи во смена и на терен. -работи и извршува работни задачи во прогласена кризна состојба согласно СОП за кризна состојба,и работата ја извршува согласно потребите и подолго од редовното работно време -интегрира податоци од база на податоци за водење инциденти - овозможува развој на системот и организира спроведување на NICS стручни обуки

Член 28

СЕКТОР ЗА АНАЛИТИКА И СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

7.Сектор за аналитика, процена и стратешко планирање	
Реден број	480
Шифра	УПР 0101Б02000
Ниво	Б02
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на Сектор за аналитика, процени и стратешко планирање
Број на извршители	1
Одговара пред	Директорот на Центарот
Вид на образование	-одбрана, образование, правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да раководи, да дава совети, насоки или да помага при раководење со секторот и одделенијата во состав на секторот

Работни задачи и обврски	- давање на совети на директорот за прашања од делокругот на анализи, процени на загрозеност на безбедноста и стратешкото планирање, како и поддршка на неговата работа; - раководи со секторот; -соработува со другите раководни административни службеници во центарот и со раководни административни службеници на соодветно ниво од други органи, за прашања од делокругот на секторот; - учествува во работата на работните тела на собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, како и на владините тела во системот за управување со кризи, кога за тоа е овластен од директорот на центарот, поднесува предлози за разгледување пред управувачките тела на системот за управување со кризи (ГП и УК) и учествува во спроведување на донесените предлози и заклучоци; -во случај на отсуство или спреченост на непосредно претпоставениот административен службеник го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на центарот. -учествува во работата на стручниот колегиум - ја распоредува пристигнатата пошта, ги распоредува работните задачи и издава задолженија на помошник раководителот на сектор, раководителите на одделенијата, врши непосредна контрола и надзор во реализација на истите, ги донесува изработените акти во секторот и врши оценување на државните службеници; - учествува во реализација на наставната содржина за студентите од ВА - Програма за кризен менаџмент и заштита и спасување и реализира наставна содржина за потребите на други високообразовни установи од областа на кризниот менаџмент, одбраната и безбедноста, реализира обуки и друго стручното оспособување за потребите на Центарот и субјектите од Системот за управување со кризи; - раководи со изработката на интегрирана процена на загрозеноста на безбедноста на подрачјата на општините, градот Скопје и Република Македонија, од сите ризици и опасности, нејзиното чување, ажурирање и доставување до субјектите, во целост или нејзини делови, раководи со процесот на создавање на потребните бази на податоци за изработка на процени и анализи, вклучувајќи и податоци со класифицирана содржина; -раководи со процесот на долгорочното и краткорочното планирање во секторот и Центарот, како и со имплементацијата на системот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување (ППБИ) во Центарот;
Реден број	481
Шифра	УПР0101Б03000
Ниво	Б03
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на секторот за аналитика, процени и стратешко планирање
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	-одбрана, образование или безбедност
Други посебни услови	

Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да раководи, да дава совети, насоки или да помага при раководење со Секторот за аналитика, процени и стратешко планирање и одделенијата во состав на секторот
Работни задачи и обврски	-го замнеува и му помага на раководителот на Секторот -соработува со други раководни административни службеници во Центарот; -во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на Центарот; - врши работи за кои се бара посебна стручност и самостојност во работата што ќе му ги довери раководителот на секторот; - помага во вршење на анализа и проценување на најсложените работи и задачи од областа на истражувањето на ризици и опасности, информациите и документацијата, аналитиката, процената, стратешкото планирање и програмирање, кои се изработуваат во секторот, вклучувајчи податоци со класифицирана содржина; -се грижи за методско организирање и спроведување на обуки и стручното оспособување и усовршување на корисниците од субјектите на Системот за управување со кризи за користење на аналитичките алатки во Центарот. -помага во примената на Методологијата за изработка на интегрираната процена на загрозеност на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности; -се грижи за спроведување и извршување на програмата за работа на секторот и Центарот; -предлага ставови по начелни системски прашања;
***7.1.* Одделениие за истражување на информации и документација (ИНДОК)**	
Реден број	482
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б04
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за истражување на информации и документација (ИНДОК)
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на секторот за аналитика, процени и стратешко планирање
Вид на образование	библиотекарство и документација, Одбрана, Јавна управа и администрација
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да раководи со одделението, да дава совети, насоки или да помага при раководење со секторот
Работни задачи и обврски	-раководи со одделението истражување на информации и документација (ИНДОК); -соработува со другите раководни административни службеници во центарот и со раководни административни службеници на соодветно ниво од други органи, за прашања од делокругот на одделението; -во случај на отсуство или спреченост на непосредно претпоставениот административен службеник го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на центарот. -раководи со планирање, организирање и водење на интегрирана база со податоци за историски настани и појави, ја координира

	информациско-документаристичката работа во центарот, што подразбира истражување, прибирање, селекција, класификација, обработка и документација на податоци и информации од домен на различни ризици и опасности, справувањето со кризи и други активности поврзани со кризниот менаџмент, вклучувајчи податоци со класифицирана содржина. -организира и спроведува постапки за прибирање на стручна литература од пошироката областа на кризниот менаџмент заради формирање на библиотечен фонд во рамките на центарот за управување со кризи. -ги организира активностите околу библиотеката со стручна литература; ја организира работата за водење на електронска библиотека во рамките на дмс, според усвоените процедури врзани за оваа проблематика; -изготвува план и програма за работа на одделението, врши оценување на државните службеници, одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите кои се вршат во одделението; -ја распоредува пристигнатата пошта и ги прегледува и парафира изработените акти во одделението - иницира нови идеи за работа од делокругот на активностите на одделението
Реден број	483
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за прием, селекција и класификација на податоци и информации (документарист)
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение за истражување на информации и документација (ИНДОК)
Вид на образование	- библиотекарство и документација, јавна управа и администрација или одбрана
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работите и задачите кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на центарот и планот за работа на секторот, како и задачи од делокругот на прием, селекција и класификација на податоци и информации
Работни задачи и обврски	врши административни работи од надлежност на одделението за истражување на информации и документација (индок), ги следи и применува прописите од областа на управувањето со кризи и прибирање на информации, вклучувајќи ги и меѓународните договори на кои Република Македонија им пристапила или ги ратификувала учествува во оценувањето на административните службеници во одделението, секторот, центарот и другите институции, самостојно врши најсложени административнонадзорни статистички информатички и други работи од административна природа од делокругот на одделението подготвува материјали и документи за изработка на стручни анализи, информации и други материјали за рљаботни тела, предлози за планот за работа на секторот и извештај за напредокот во спроведувањето, вклучувајчи податоци со класифицирана содржина

	дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа - извршува работи поврзани со прием, селекција, класификација, контрола и помош на носителите на подбазите во рцук, како и документирање на информациите и податоците кои се значајни за активноста на центарот и системот за управување со кризи; - извршува класификација на податоците и информациите, соработува и ги советува корисниците на податоците за начинот на обработка на податоците; - ги следи прописите од својот делокруг на работа и дава предлози до раководителот на одделението за ефикасно извршување на работните задачи од својот делокруг на работа; - извршува работни задачи утврдени со актот за систематизација предвидени за работното место раководител на одделение за истражување на информации и документација (индок) и помлад соработник за прием, секекција и уредување на е-библиотека
Реден број	484
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за прием, секекција и уредување на е-библиотека
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение за истражување на информации и документација (ИНДОК)
Вид на образование	-библиотекарство и документација, јавна управа и администрација , правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работите и задачите кои придонесуваат за остварување на планот за работа на одделението и секторот, како и задачи од делокругот на воспоставување на библиотечен фонд
Работни задачи и обврски	врши административни работи од надлежност на одделението за истражување на информации и документација (индок) ги следи и применува прописите од областа на управувањето со кризи , вклучувајќи ги и меѓународните договори на кои Република Македонија им пристапила или ги ратификувала учествува во оценувањето на административните службеници во одделението, секторот, центарот и другите институции, - спроведува наједноставни рутински стручно-административни, извршни, статистички, информатички информатички и други работи од административна природа под надзор и контрола на раководителот на одделението и советникот за прием, селекција и класификација на податоци и информации (документарист) - прибира информации и податоци заради подготовка на материјали и документи за изработка на проекти и програми,стручни анализи на прашања како и нивно класифицирање во библиотечниот фонд вклучително и е-библиотека, вклучувајчи податоци со класифицирана содржина - изработува предлози за планот за работа на одделението и извештај за напредокотво спроведувањето на својата работа. - помага во работи за истражување, прием, селекција, класификација и документација на податоци и информации;

	- под надзор од раководителот на одделението, извршува наједноставни рутински стручно-административни, работни задачи утврдени со актот за систематизација во работното место советник за прием, селекција и класификација на податоци и информации (документарист) , во случај на негово отсуство. врши работни задачи утврдени со актот за систематизација во работното место помлад референт за административна поддршка во случај на негово отсуство.
Реден број	485
Шифра	упр0101г03000
Ниво	Г03
Звање	Референт
Назив на работно место	Референт за истражување, прием, селекција и класификација на податоци и информации (документарист)
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение за истражување на информации и документација (ИНДОК)
Вид на образование	-гимназиска, средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно да го подржува спроведувањето на работите од делокругот на работата на одделението
Работни задачи и обврски	-учество во извршувањето на помошно-стручни, информативно-документациони, административно-технички работи од административна природа -подготвува материјали, документи и податоци и води евиденција во врска со извршувањето на работите од делокругот на одделението -учествува во оценувањето на административните службеници во Центарот и во други институции -врши рутински помошно-стручни, информативно-документациони, административно-технички работи од административна природа под надзор и контрола на раководителот на одделението или советникот за истражување, прием, селекција и класификација на податоци и информации (документарист) - ги прибира, селектира, складира и документира информациите и податоците за случени настани и појави од интерес за кризниот менаџмент, вклучувајчи податоци со класифицирана содржина, - ги реализира работите околу чувањето и достапноста на информациите; врши други активности околу класифицирање и документација на стручна литература за потребите на библиотеката; - дава предлози до раководителот на одделението за зголемување на ефикасноста во извршувањето на работните задачи од својот делокруг на работа; - врши работни задачи утврдени со актот за систематизација во работното место помлад референт за административна поддршка во случај на негово отсуство.

Реден број	486
Шифра	УПР0101Г04000
Ниво	Г04
Звање	Помлад референт
Назив на работно место	Помлад референт за административна поддршка
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение за истражување на информации и документација (ИНДОК)
Вид на образование	- вишо/средно гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно да го подржува спроведувањето на работите од делокругот на работата на одделението
Работни задачи и обврски	-учество во извршувањето на помошно-стручни, информативно-документациони, административно-технички работи од административна природа -подготвува материјали, документи и податоци и води евиденција во врска со извршувањето на работите од делокругот на одделението -учествува во оценувањето на административните службеници во Центарот и во други институции -извршува наједноставни рутински помошно-стручни, информативно-документациони, административно-технички работи од административна природа во согласност со упатствата и под надзор и контрола на раководителот на одделението или советникот за истражување, прием, селекција и класификација на податоци и информации (документарист) -помага при вршењето на административни работи и задачи и документирање на вкупните активности во секторот и одделението; -помага при подготвување и обработка на податоци и информации од дејноста на одделението, обработува документација како основа за изготвување на анализи и информации од дејноста на одделението, вклучувајчи податоци со класифицирана содржина; - помага при обработка на податоци за програми за работа на секторот; помага при организирање, обезбедување и дистрибуција на пошта, ситен инвентар, потрошен материјал и други потреби за работа на Секторот; - управува со МТС и опремата на Секторот во согласност со упатствата и под надзор и контрола на раководителот на одделението - дава предлози до раководителот на одделението за подобрување на ефикасноста во извршувањето на работните задачи од својот делокруг на работа;

7.2 .Одделение за аналитика и процени

Реден број	487
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б04
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за аналитика и процени
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на секторот за аналитика, процени и стратешко планирање

Вид на образование	-одбрана, безбедност илиорганизациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно, да раководи со одделението, да дава совети, насоки или да помага при раководење со секторот
Работни задачи и обврски	-раководи со одделението за аналитика и процени; -соработува со другите раководни административни службеници во центарот и со раководни административни службеници на соодветно ниво од други органи, за прашање од делокругот на одделението; -во случај на отсуство или спреченост на непосредно претпоставениот административен службеник го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на центарот. - раководи со активностите за изработката на аналитички материјали и документи за случени настани и појави, периодични (месечни квартални, полугодишни и годишни) и наменски (за определени појави на опасности за конкретни подрачја и конкретни периоди) , вклучувајчи податоци со класифицирана содржина - раководи со процесот на организирање и координирање со активностите на одделението при изработка на процената за загрозеност на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности;; - дава стручна подршка и соработува со регионалните центри при изработката на процената за загрозеноста на подрачјата на општините и градот Скопје од сите ризи и опасности; -изготвува план и програма за работа на одделението, врши оценување на државните службеници, одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите кои се вршат во одделението; -ја распоредува пристигнатата пошта и ги прегледува и парафира изработените акти во одделението - иницира нови идеи за работа од делокругот на активностите на одделението одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите кои се вршат во одделението;
Реден број	488
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за интегрирање на анализи и процени за ризици и опасности од политички карактер
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение за аналитика и процени
Вид на образование	-одбрана, или безбедност
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работите и задачите кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на центарот и планот за работа на секторот, како и задачи од делокругот на прибирање и интегрирање на анализи и процени за ризици и опасности од надворешно-политички карактер
Работни задачи и обврски	-врши административни работи од надлежност на одделението за аналитика и процени,

	-ги следи и применува прописите од областа на управувањето со кризи и прибирање на процени и нивно интегрирање, вклучувајќи ги и меѓународните договори на кои Република Македонија им пристапила или ги ратификувала -учествува во оценувањето на административните службеници во одделението, секторот, центарот и другите институции, - самостојно врши најсложени стручно-административни информатички и други работи од административна природа од делокругот на одделението -подготвува материјали и документи за изработка на стручни анализи и процени на загрозеност на безбедностаи други материјали за работни тела, предлози за планот за работа на секторот и извештај за напредокот во спроведувањето, вклучувајчи податоци со класифицирана содржина -дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа - врши прибирање на податоци и информации, како и интегрирање на анализи и процени кои се во надлежност на релевантни институции за следење и проценување на политичките ризици и опасности по безбедноста на R. Македонија, а се однесуваат на: воено-политички притисоци, блокади и друга демонстрација на сила; активности на меѓународни терористички организации, активности на странски специјални служби насочени кон нарушување на безбедноста во државата; судири на интереси од користење на извори и патишта на стратегиски енергенси; трговија со стратегиски и материјали за двојна употреба; пролиферација на оружје за масовно уништување и последици од нивна употреба, нелегална миграција; меѓународен организиран криминал, трговија со дрога, шверц со оружје и друга нелегална трговија водена од страна на меѓународни групи и друго; -врши прибирање на податоци и информации, како и интегрирање на анализи и процени кои се во надлежност на релевантни институции за следење и проценување на внатрешно-политичките ризици и опасности по безбедноста на Република Македонија, а се однесуваат на: вештачко создавање и користење на внатрешни општествено-политички кризи, терористички активности кои се организирани и водени од внатрешни организации, урбан тероризам, манифестација на екстремен национализам, верска нетрпеливост и омраза, различни форми на етничка нетолеранција, организиран криминал, корупција, нелегална трговија и шверц со дрога, луѓе, мало и лесно оружје, тежок криминал со уцени, напади и убиства на граѓани, асоцијални појави во општеството и сл; - остварува редовна комуникација и соработка за потребите на процесот на изработка на анализи и процени со претставници од органите на државната власт органите на државната управа, а особено со службите од мвр, мо, мнр, агенцијата за разузнавање и други субјекти надлежни за следење на ризици и опасности од политички карактер; - учествува во изработката на процената на загрозеност од сите ризици и опасности во својот делокруг на работа; - извршува работни задачи утврдени со актот за систематизација предвидени за работното место раководител на одделение за аналитика и процени и работното место

	советник за интегрирање на анализи и процени за ризици и о пасности од внатрешно-политички карактер во случај на нивно отсуство
Реден број	489
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за интегрирање на анализи и процени за ризици и опасности од карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните (епидемии и епизотии)
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение за аналитика и процени
Вид на образование	Јавно здравство и здравствена заштита
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работите и задачите кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на центарот и планот за работа на секторот, како и задачи од делокругот на прибирање и интегрирање на анализи и процени за ризици и опасности од карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните (епидемии и епизотии)
	квалитетот на работа (управување со повици и креирање инциденти) и дава предлози за ажурирање на воспоставените процедури и протоколи за дејствување со цел да се подобри квалитетот на услугите; - Согласно податоците од генералните и групните извештаи за квалитет/перформанси, иницира барање за групни и индивидуални обуки и иницира развој на процесите (доколку е потребно); - Врз основа на извештаите за адекватност на процесите, известува и иницира групно и лично вреднување на вработените; - Споведува ревизија на работа и протоколите за обезбедување на квалитет преку случајно избрани повици, барања за помош добиени преку други комуникациски канали, како и извештаи генерирани од системот, со цел да се предложи подобрување на организацијата и развој на персоналот. Подготвува извештаи за нивото на квалитет на услугите; - Дава насоки на примачите на повици за примена на Политика за котрола на квалитет за -112 и одржува редовни консултативни состаноци; - Организира и спроведува периодични анкети за мерење на задоволството на корисниците и го истражува јавното мислење за работата на -112; - Води индивидуална евиденција за квалитетот на работа за секој вработен во Секторот во смисла на веќе воспоставените критериуми за квалитет и врз основа на анализа на перформансот и предлага програми и мерки за унапредување на работата; - Ги подучува и менторира вработените за употребата на алатките за самоевалуација со цел да се идентификуваат можности за подобрување на ефикасноста и квалитетот; - Во случај на зголемен обем на работа, работи на работната станица на операторите според Стандардните Оперативни Процедури со цел да ја поддржи работата на постојаните примачи на повици.

Реден број	528-в
Шифра	УПР 0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за обуки и стручно усовршување на вработените во Сектор Е-112
Број на извршители	1 извршител
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Одбрана, Безбедност, Воена Академија, Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасна и ефективна поддршка за градење на капацитетите на вработените во Секторот преку креирање стратегија за обука и развој и дизајнирање на Програма за обука што ќе го подобри перформансот на вработените според спроведена анализа за

	потреби за обука;
Работни задачи и обврски	- Помага во обезбедување и стратешко усогласување на Програмата за обука и стручно усовршување со развојните цели на Секторот -112; - Помага при развој на решенија за обука што ги задоволуваат потребите на Секторот и ги оптимизира процесите на обука за постигнување најголем степен на ефикасност; - Помага во идентификување на потребите за обука преку користење извештаи за квалитет, препознавање на јаки и слаби страни кај вработените и преку консултација со сите засегнати страни. Подготвува анализа на потреби за обука за вработени во -112 и годишна програма за обука (интерни обуки и обуки од надворешни провајдери), како и акциски план за реализација на обуките; - Комуницира со стручни, образовни, научно-истражувачки институции/експерти за подготовка на содржина на обуката, учествува во развојот на курикулуми и подготвува договори за соработка со стручни, образовни научно-истражувачки институции и/или експерти за специјализирани tailor-made обуки и за испорака на истите; - Помага во подготовката на информации и извештаи од областа на обуката и стручното усовршување на вработените во Секторот -112; - Го набљудува однесувањето на примачите на повици на работното место ги идентификува слабостите и ризиците и подготвува план за развој на меки вештини, справување со стрес, техники за тренирање и развој со цел да се спречи „прегорување" на вработените и одлив на вработени од центарот; - Учествува во подготвување на индивидуални извештаи за секој вработен за неговите/нејзините потреби за обука кои ќе бидат земени предвид во следните чекори при развој на кариерата; - Споведува сесии за ориентација и воведување во работата на новите вработени во центарот; - Учествува со процесот на сертификација и ре-сертификација на операторите на -112; Во случај на зголемен обем на работа, работи на работната станица на операторите според Стандардните Оперативни Процедури со цел да ја поддржи работата на постојаните примачи на повици.

Реден број	529
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник - Систем администратор за оперативна и техничка поддршка на системот Е-112
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Одбрана, Безбедност, Воена академија

Други посебни услови	
Работни цели	Навремено администрирање на системот и обезбедување целосна техничка поддршка преку ракување со инвентар на системот, управување со пристап / овластување, управување со корисници (додавање, бришење, изменување, правила за лозинка итн.), управување со дневник и управување со податоци за инциденти, решавање на технички проблеми во системот и мрежата, обезбедување навремен одговор и обезбедување на функционалност на системот преку поддршка на надградба.
Работни задачи и обврски	- Редовно ја проверува техничката исправност на -112 системот и неговите подсистеми; - Постојано ја следи функционалноста на сите компоненти на системот. Обезбедува back-up поддршка, односно ги решава сите технички проблеми на системот. Ги администрира проблемите/недостатоците и ги решава согласно воспоставени протоколи за постапување; - Ги анализира информациите во насока на препознавање на изворот на проблемот/недостатокот; - Врши мониторинг на основните функции и на системот за детектирање на грешки и презема мерки за надминување на појавениот проблем/недостапток; - Врши инсталација и конфигурација на компјутерскиот хардвер и апликации и врши одржување и следење на компјутерските мрежи и системи; - Ги штити крајните точки на системот од неовластено пристапување и врши постојано следење на безбедноста на системот, заштита на сите податоци и информации согласно националното законодавство за заштита на податоци и ги заштитува податоците и на граѓаните и на вработените; - Дијагностицира и решава грешки на хардверот или софтверот; - Обезбедува основни упатства за службите за одговор при итни случаи (полиција, итна медицинска помош, противпожарни бригади и центар за управување со кризи) за откриени проблеми со техничка комуникација; - Изработува дневни, неделни, месечни, квартални и годишни извештаи за системските активности и подготвува извештај за состојбата на опремата во Центарот; - Во случај на зголемен обем на работа, работи на работната станица на операторите според Стандардните Оперативни Процедури со цел да ја поддржи работата на постојаните примачи на повици.

Реден број	529-а
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за стручна, административна и техничка поддршка на системот Е-112
Број на извршители	1

Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Одбрана, Образование, Библиотекарство и документација
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работите и задачите кои придонесуваат за остварување на планот за работа на одделението и секторот, како и задачи од делокругот на воспоставување на библиотечен фонд
Работни задачи и обврски	- врши административни работи од надлежност на одделението за обезбедување квалитет на Секторот Е-112; - ги следи и применува прописите од областа на управувањето со кризи , вклучувајќи ги и меѓународните договори ; - учествува во оценувањето на административните службеници во одделението, секторот, центарот и другите институции; - спроведува наједноставни рутински стручно-административни, извршни, статистички, информатички и други работи од административна природа под надзор и контрола на раководителот на одделението; - прибира информации и податоци заради подготовка на материјали и документи за изработка на проекти и програми,стручни анализи на прашања како и нивно класифицирање во библиотечниот фонд вклучително и е-библиотека; - изработува предлози за планот за работа на одделението и извештај за напредокот во спроведувањето на својата работа; - помага во работи за истражување, прием, селекција, класификација и документација на податоци и информации; -во случај на зголемен обем на работа, работи на работната станица на операторите според Стандардните Оперативни Процедури со цел да ја поддржи работата на постојаните примачи на повици.

Реден број	529-б
Шифра	УПР 0101Г01000
Ниво	Г01
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Самостоен референт за оперативна, стручна и техничка поддршка на системот Е-112
Број на извршители	1 извршител

Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Вишо/ гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Обезбедување целосна функционалност на системот Е-112 преку поддршка на раководителот на секторот, раководителот на одделението и на одговорниот на смена во ефикасна организација и следење на работата преку постапки што обезбедуваат квалитетна услуга, како и обезбедување на нејзиното правилно функционирање заради обезбедување на постојана комуникација и координација со ОЈБ.
Работни задачи и обврски	-врши наједноставни рутински административни работи, -врши помошно-стручни, сметководствени, материјално финансиски, информативно-документациони, административно-технички, статистички, информатички, кадровски и други работи од административна природа, а кои се во согласност со упатствата и под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен административен службеник, - управува и се грижи за исправноста на материјално техничките средства на Секторот Е-112 -помага при извршувањето на подготвителни активности на системот за управување со кризи , -работи и извршува работни задачи во прогласена кризна состојба согласно СОП за кризна состојба,и работата ја извршува согласно потребите и подолго од редовното работно време - Во случај на зголемен обем на работа, по потреба работи во смени.

Член 30

9.	**Сектор – Центар за обука за управување со кризи**
Реден број	530
Шифра	УПР0101Б02000
Ниво	Б02
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на Сектор – Центар за обука за управување со кризи
Број на извршители	1
Одговара пред	Директорот на ЦУК
Вид на образование	Образование, Наука за јазик, Одбрана, Безбедност
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење со секторот, сврзано со планирање, организирање, подготовки и спроведување на обуки за управување со кризи, во функција на зајакнување на системот за управување со кризи, неговите функции и специфичности

Работни задачи и обврски	- ја организира, обединува и насочува работата на Секторот и непосредно работи на најсложените работи и задачи во Секторот; − одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите од делокругот на Секторот; − ги распоредува работите и задачите на раководителите на Одделенијата во Секторот и дава потребна стручна помош на вработените во изготвувањето на материјалите; − предлага ставови по начелни системски прашања и иницира решавање на одделни прашања во врска со планирање, организирање, реализација и анализа на спроведени обуки за управување со кризи; − непосредно работи на најсложените работи и задачи во Секторот, се грижи за соодветна примена на прописите и процедурите од надлежност на секторот; − се грижи за работната дисциплина во Секторот; - предлага и развива политики и стратешки документи за развој на функционалните капацитети и способности на вработените во Центарот и другите чинители на системот за управување со кризи; - предлага програма за работа на Центарот за обука за управување со кризи со потребни ресурси за реализација на програмата; - воспоставува соработка со национални и меѓународни центри за обука; - воспоставува соработка со истакнати национални и меѓународни наставно-научни и стручни лица од областа управување со кризи, - подготвува предлог план за работа на секторот, подготвува извештаи за реализација на програмата за работа на секторот; - обезбедува навремена и квалитетна подготовка на материјалите за обука, превод, лектура, умножување и документирање на материјалите за обука; - се грижи за соодветна употреба на капацитетите на објектот за обука во Куманово, негово одржување и унапредување; - се грижи за правовремено и транспарентно информирање за активностите и резултатите на Центарот за обука. - соработува со други раководни административни службеници во Центарот за прашања од делокругот на секторот; - учествува во оценувањето на административните службеници.

Реден број	531
Шифра	УПР0101Б03000
Ниво	Б03
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на Сектор – Центар за обука за управување со кризи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	Образование, Наука за јазик, Одбрана, Безбедност
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење со секторот, сврзано со планирање, организирање, подготовки и спроведување на обуки за управување со кризи, во функција на зајакнување на системот за управување со кризи, неговите функции и специфичности
Работни задачи и обврски	- го заменува и му помага на раководителот на секторот; - соработува со други раководни административни службеници во секторот и во Центарот; - во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на Центарот; - дава стручна помош за најсложените работи на раководителите на одделенијата при вршењето на работите и задачите; - врши работи за кои се бара посебна стручност и самостојност во работата што ќе му ги довери раководителот на секторот; - се грижи за спроведување и извршување на програмата за работа на секторот; - организира и учествува во активности за воспоставување соработка со други центри за обука и склучување договори за соработка; - предлага ставови по начелни системски прашања.

9.1 Одделение за планирање, подготовки и анализа на обуки за управување со кризи

Реден број	532
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б04
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	**Раководител на Одделение за планирање, подготовки и анализа на обуки за управување со кризи**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	Образование, Наука за јазик, Одбрана, Психологија

Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работните задачи во одделението, сврзано со планирање, подготовки и анализа на обуки за управување со кризи во функција на зајакнување на системот за управување со кризи, неговите функции, задачи и специфичности
Работни задачи и обврски	- раководи со одделението, ги организира и ги координира работите во одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување; -соработува со другите раководни административни службеници во секторот и во Центарот и со раководни административни службеници на соодветно ниво од други органи за прашања од делокругот на одделението; - во случај на отсуство или спреченост на непосредно претпоставениот административен службеник го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на Центарот; - ја распоредува пристигнатата пошта во одделението, дава насоки за извршување на задачите; - ги прегледува и парафира изработените акти во одделението; - организира подготовка на подзаконски акти и процедури за организација и реализација на обуки за управување со кризи; - учествува во активности за воспоставување соработка со други центри за обука и склучување договори за соработка; - се грижи за уредување на процесот на обуки за управување со кризи за субјектите на системот и доделување на соодветни сертификати за реализирани обуки; - обезбедува материјали и стручни информации потребни за изработка на планови и програми за обука за управување со кризи; - изработува анализи, оценување и проценување на прашањата и проблемите кои се појавуваат и иницира мерки и активности од областа која ја покрива одделението; - организира изработка на програми за обука по функции и специфики на управувањето со кризи во соработка со национални и меѓународни соработници; - организира навремена и квалитетна подготовка на материјали за обука, превод, лектура и евиденција на истите; - се грижи за правовремено и транспарентно информирање за активностите и резултатите на Центарот за обука за управување со кризи. - учествува во оценувањето на административните службеници.

Реден број	533
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	**Советник**
Назив на работно место	**Советник за уредување на процесот на обука**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент), Јавна управа и администрација
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи во насока на уредување на процесот на обуки за управување со кризи, преку изработка на подзаконски акти, процедури, договори и сертификати за реализирани обуки.
Работни задачи и обврски	- извршува студиско-аналитички работи задачи во врска со реализацијата на плановите и програмата за работа на одделението и секторот; - изработува предлог подзаконски акти во врска со организацијата и функционирањето на Центарот за обука за управување со кризи; - изработува предлог процедури за извршување одделни процеси од планирањето, организацијата, реализацијата и евалуацијата на обуките за управување со кризи; - изработува предлог процедури за организација и реализација на логистичката поддршка на обуките и на функционирањето на објектот на Центарот за обука во Куманово; - изработува предлог договори за соработка со соодветни национални и меѓународни институции и центри за обука; - изработува предлог договори за изведување обуки со национални и меѓународни институции и наставно-научни и стручни лица; - организира постапки за сертифицирање на одделни обуки; - учествува во изработка на планот за работа на одделението и анализата на реализацијата.

Реден број	534
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	**Советник**
Назив на работно место	**Советник за анализа на реализирани планови и програми за обука**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Образование, Одбрана, Политички науки, Социологија, Правни науки

Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи во насока на анализа на реализирани планови и програми за работа, воспоставување индикатори за успешност и п
Работни задачи и обврски	- извршува студиско-аналитички работи и задачи во врска со реализацијата на плановите и програмата за работа на одделението и секторот; - ги следи, евидентира, споредува и анализира начинот на спроведување, обемот и содржината на секоја реализирана програма за обука за вработените во Центарот за управување со кризи; - ги следи, евидентира, споредува и анализира начинот на спроведување, обемот и содржината на секоја реализирана програма за обука за вработените од субјектите на Системот за управување со кризи; - ги следи, евидентира, споредува и анализира начинот на спроведување, обемот и содржината на секоја реализирана вежба за проверка на функционалните капацитети на Центарот за управување со кризи и Системот за управување со кризи; - ги следи, евидентира, споредува и анализира начинот на спроведување, обемот и содржината на секоја реализирана програма за обука во соработка со надворешни соработници и во други центри за обука; - изработува прегледи, извештаи и анализи за реализираните обуки; - изработува предлози и мерки за подобрување на квалитетот на обуките; - учествува во изработка на планот за работа на одделението и анализата на реализацијата.

Реден број	535
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	**Помлад соработник за изработка на програми за обуки**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Одбрана, Безбедност, Јавна управа и администрација, Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и извршување на работи и задачи во насока на подготовки за спроведување обуки а кои се однесуваат на изработка на програми за обука.
Работни задачи и обврски	- помага во студиско-аналитички и стручно оперативни работи во врска со изработка на програми за обуки; - помага во изработка на акти и прописи во врска со

	планирање на активности и начин на изработка на програми за обуки; - собира материјали потребни за подготовка и изработка на програми за обуки; - собира материјали потребни за подготовка и изработка на сценарија за вежби; - собира материјали потребни за подготовка на планот за работа на одделението; - помага во изработка на прегледи и извештаи за преземени активности; - учествува во изработка на планот за работа на одделението и анализата на реализацијата.

Реден број	536
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	**Помлад соработник за превод и подготовка на материјали од англиски на македонски и обратно**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Наука за јазик (лингвистика) – англиски со македонски јазик
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и извршување на работи и задачи во насока на подготовка на материјали за обуки а кои се однесуваат на превод од англиски на македонски јазик и обратно и формирање речник на терминологија од областа управување со кризи
Работни задачи и обврски	- спроведува наједноставни рутински стручно административни работи и задачи под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководител кои се во надлежност на одделението сврзани со подготовка на материјали за обука; - врши превод од англиски на македонски јазик и обратно; - преведува и подготвува материјали за обука во писмена форма; - врши устен превод при обуки организирани со странски предавачи; - врши превод на информации што се однесуваат на работата на Центарот за обуки за управување со кризи што се објавуваат во јавност; - води евиденција на преведените материјали; - по насоки од раководителот на одделение формира речник на терминологија од областа управување со кризи. - учествува во изработка на планот за работа на одделението и анализата на реализацијата

Реден број	537
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	**Помлад соработник за превод и подготовка на материјали од англиски на албански јазик и обратно**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Наука за јазик (лингвистика)
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и извршување на работи и задачи во насока на подготовка на материјали за обуки а кои се однесуваат на превод од англиски на албански јазик и обратно и формирање речник на терминологија од областа управување со кризи
Работни задачи и обврски	- спроведува наједноставни рутински стручно административни работи и задачи под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководител кои се во надлежност на одделението сврзани со подготовка на материјали за обука; - врши превод од англиски на албански јазик и обратно; - преведува и подготвува материјали за обука во писмена форма; - врши устен превод при обуки организирани со странски предавачи; - врши превод на информации што се однесуваат на работата на Центарот за обуки за управување со кризи што се објавуваат во јавност; води евиденција на преведените материјали; - по насоки од раководителот на одделение формира речник на терминологија од областа управување со кризи; - учествува во изработка на планот за работа на одделението и анализата на реализацијата.

Реден број	538
Шифра	УПР0101Г01000
Ниво	Г01
Звање	**Самостоен референт**
Назив на работно место	**Самостоен референт за административно-технички работи**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Вишо/средно гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Извршување сложени административни задачи во согласност со општите упатства на раководителот на одделението

Работни задачи и обврски	- извршува административно-технички работи за потребите на одделението; - заведува акти, води интерна евиденција на доделена пошта, умножување и достава на акти; - ги архивира актите кои се изработуваат во одделението согласно прописите за архивско работење; - води евиденција на преведени и подготвени материјала за обука; - по потреба извршува и други работи за потребите на одделението.

9.2 Одделение за спроведување обуки за управување со кризи – Куманово

Реден број	539
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б04
Звање	**Раководител на одделение**
Назив на работно место	Раководител на Одделение за спроведување обуки за управување со кризи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на сектор
Вид на образование	Економски науки, Одбрана, Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работните задачи во одделението, сврзано со спроведување обуки за управување со кризи во функција на зајакнување на системот за управување со кризи, неговите функции, задачи и специфичности
Работни задачи и обврски	- раководи со одделението, ги организира и ги координира работите во одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување; - соработува со другите раководни административни службеници во секторот и во Центарот и со раководни административни службеници на соодветно ниво од други органи за прашања од делокругот на одделението; - во случај на отсуство или спреченост на непосредно претпоставениот административен службеник го заменува истиот врз основа на овластување од директорот на Центарот; - ја распоредува пристигнатата пошта во одделението, дава насоки за извршување на задачите; - ги прегледува и парафира изработените акти во одделението; - подготвува предлог план за работа на одделението, подготвува извештаи за реализација на планот и програмата за работа на одделението; - подготвува предлог буџет и преглед на потребните ресурси за непречена работа на Центарот за обука за

	управување со кризи; - обезбедува навремена и квалитетна подготовка на материјалите за обука, нивно умножување, документирање и чување; - одговорен е за соодветна употреба на капацитетите на објектот за обука во Куманово, негово одржување и унапредување; - се грижи за правовремено и транспарентно информирање за активностите и резултатите на Центарот за обука за управување со кризи. - учествува во оценувањето на административните службеници.

Реден број	540
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	Б01
Звање	**Советник**
Назив на работно место	**Советник за планирање и подготовки на обуките**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Образование, Економски науки, Одбрана, Безбедност
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи во насока на планирање и подготовки на обуките во објектот на Центарот за обуки за управување со кризи во Куманово
Работни задачи и обврски	- ја следи Програмата за работа на Центарот за обуки за управување со кризи и соодветно изработува планови за работа на одделението; - изработува предлог план на потребните ресурси за организација и реализација на обуките; - учествува во изработката на периодични извештаи и анализи за реализацијата на плановите за работа на одделението; - изработува план за расположивоста на сместувачките капацитети на Центарот за обука за управување со кризи и динамика на користење; - се грижи за навремени и соодветни подготовки на опремата и просториите за обука; - учествува во подготовки на информации за јавност; - изработува извештаи за извршените подготовки за секоја реализирана обука; - дава предлози за подобрување на капацитетите за реализација на обуките.

Реден број	541
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	Б01
Звање	**Советник**
Назив на работно место	**Советник за реализација на обуки**

Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Образование, Економски науки, Одбрана, Безбедност
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи во насока на реализација на обуките во објектот на Центарот за обуки за управување со кризи во Куманово
Работни задачи и обврски	- ја следи Програмата за работа на Центарот за обуки за управување со кризи и учествува во изработката на планови за работа на одделението; - изработува периодични извештаи и анализи за реализацијата на плановите за работа на одделението; - учествува во изработката на предлог план на потребните ресурси за организација и реализација на обуките; - се грижи за навремени и квалитетни подготовки на материјалите за обука и учествува во организацијата на библиотеката на Центарот за обука за управување со кризи; - ги следи обуките и врши иницијална евалуација на реализираното; - организира изработка на сертификати за реализирани обуки; - изработува извештаи за секоја реализирана обука; - учествува во подготовки на информации за јавност; - дава предлози за подобрување на квалитетот и капацитетите за реализација на обуките.

Реден број	542
Шифра	УПР0101В03000
Ниво	В03
Звање	Соработник
Назив на работно место	**Соработник за ресурси за обуки**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Економски науки, Јавна управа и администрација, Организациски науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Извршување работни задачи кои произлегуваат за остварување на програмата за работа на секторот и задачи од делокругот на одделението а се однесуваат на финансиска и логистичка организација и поддршка на активностите
Работни задачи и обврски	- ја следи Програмата за работа на Центарот за обуки за управување со кризи и соодветно учествува во изработка на планови за работа на одделението - изработува предлог-буџет за работа на Центарот за обука; - ја следи реализацијата на буџетот на Центарот за

	обука; - изработува предлог-иницијативи за јавни набавки за потребите на Центарот за обука; - евидентира и проследува за наплата фактури од работењето и одржувањето на Центарот за обука; - врши други работи поврзани со финансиски и логистички прашања на Центарот за обука.

Реден број	543
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	**Помлад соработник за документирање и библиотека**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Јавна управа и администрација, наука за јазикот (лингвистика), наука за книжевност, Одбрана
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и извршување на работи и задачи во насока на подготовки за спроведување обуки а кои се однесуваат на документирање на материјали и организација на билиотека
Работни задачи и обврски	- ја прима и заведува поштата за одделението; - ракува и е одговорен за чување на печатите на одделението; - согласно прописите за архивско работење врши архивирање на акти, документи и материјали на одделението; - ги прима и заведува сите материјали поврзани со обука за управување со кризи; - води одделна евиденција на печатени, електронски, аудио и видео материјали за обука; - по насоки од раководителот на одделението помага во организацијата на библиотеката и врши издавање и задолжување со библиотечниот материјал; - ги следи прописите за библиотекарско работење и изработува извештај за состојбата со библиотеката и библиотечниот фонд до раководителот на одделението.

Реден број	544
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В04
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	**Помлад соработник за организациски работи**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Организациони науки и управување (менаџмент), Правни науки, Јавна управа и администрација, Одбрана
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на

	одделението и извршување на работи и задачи во насока на спроведување обуки а кои се однесуваат на организациски работи при подготовки и реализација на обуки
Работни задачи и обврски	- помага во активности и изработка на акти за уредување соработка со надворешни соработници и економски оператори; - помага во организацијата и подготовките за прием на учесници на обуките и нивна регистрација; - помага при организација на превоз и сместување на учесници и предавачи; - помага при организација на бифе, угостителски и кетеринг услуги; - води евиденција на реализираните обуки; - води евиденција на учесниците на обуките, на предавачи и гости, - води евиденција на доделени сертификати за реализирани обуки.

Реден број	545
Шифра	УПР0101Г04000
Ниво	Г04
Звање	Помлад референт
Назив на работно место	**Помлад референт за материјали за обука и ИТ поддршка**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Вишо/Средно гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на наједноставни рутински задачи како поддршка на одредени функции од делокругот на одделението во областа поврзана со подготовка на материјали з аобука и ИТ подддршка на обуките, во согласност со упатствата и под надзор и контрола на раководителот на одделението.
Работни задачи и обврски	- задолжен за соодветна употреба на ИТ опремата за обука која е на располагање на Одделението за поддршка за спроведување на обуки за управување со кризи, се грижи за правилно користење, ракување и функционирање; - за време на одржување на обуките помага на предавачот со практично користење на опремата и другите помагала за обука; - помага при подготовка на печатени, електронски, видео и аудио материјали за потребите на обуката; - помага при документирање на активностите на Центарот за обука; - помага за навремено ажурирање на интернет страницата на Центарот за обука; - врши умножување на материјали за обука; - помага за изработка на фотографии од обуките, рекламни материјали, каталози и изработка на сертификати за завршени обуки.

Реден број	546
Шифра	УПР0101Г04000
Ниво	Г04
Звање	Помлад референт
Назив на работно место	**Помлад референт за логистичка поддршка – ракувач со МТС**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Вишо/Средно гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на наједноставни рутински задачи како поддршка на одредени функции од делокругот на одделението во областа поврзана со логистичка поддршка на функционирањето на одделението и одржување на објектот во Куманово, во согласност со упатствата и под надзор и контрола на раководителот на одделението.
Работни задачи и обврски	- води евиденција на инвентарот на Центарот за обука; - врши прием и евиденција на опремата на Центарот за обука; - врши прием и евиденција на потрошен канцелариски и друг потрошен материјал и ја следи потрошувачката; - врши прием и евиденција на средства за бифе и ја следи потрошувачката; - врши прием и евиденција на средства за хигиена и ја следи потрошувачката; - по насоки од раководителот на одделението врши набавки од мала вредност за што подготвува соодветна документација; - врши ситни поправки за одржување на објектот; - води сметка за функционирањето на системите за греење и ладење на објектот во Куманово; - води евиденција на потрошувачката на струја, вода и гас, според броилата на објектот во Куманово; - води сметка за исправноста на агрегатите во објектот во Куманово.

Реден број	547
Шифра	УПР0405А02005
Ниво	А02
Звање	Работник на приемен пулт (пријавница)
Назив на работно место	Работник на приемен пулт – бифе
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	
Други посебни услови	Средно образование
Работни цели	Функционирање на пријавницата на објектот на Центарот во Куманово и организирана, економична и ефикасна употреба на бифето.

Работни задачи и обврски	- по распоред од раководителот на одделението врши работи и задачи во смена на пријавницата на објектот на Центарот во Куманово -согласно план за обука и одобрени ресурси за услуги подготвува и ги послужува слушателите на обуките; - во соработка со одговорно лице за ресурси и логистичка поддршка се грижи за редовна снабденост на бифето/кујната; - води евиденција на потрошувачката на пијалоците и другите артикли и се раздолжува пред раководителот на одделението; - се грижи за среденоста, хигиената и исправноста на бифето и кујнските апарати во него; - врши помошни работи во приемот и распоредот на слушатели на обука;

Реден број	548, 549
Шифра	УПР0402А01001
Ниво	А01
Звање	Главен чувар - пријавница
Назив на работно место	Главен чувар – обезбедување на објектите и опремата
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Средно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Функционирање на пријавницата и обезбедување на објектот на Центарот за обука во Куманово
Работни задачи и обврски	- по распоред од раководителот врши работи и задачи во смена на пријавницата на објектот на Центарот во Куманово; - врши физичко обезбедување на објектот и инсталираните уреди во него и надвор од него и презема дејствија за заштита на имотот и средствата на Центарот за обука Куманово; - спречува пристап на неповикани лица во објектот – ги индентикува лицата што влегуваат во објектот; Води евиденција на внесените и изнесените предмети од лицата и не дозволува без одобрение изнесување на средства и инвентар; Води евиденција – дневник за време на смената и примопредавањето на должноста. - се грижи за техничката исправност и уредност на службеното моторно возило, правилно ракување и основно одржување, економична и ефикасна употреба на службено возило; - се грижи за уредно внесување на податоците за работа и употреба на возилото во работниот лист; - учествува во извршувањето технички преглед на возилото; - врши пречек и превоз на слушатели на обуката,

	предавачи и гости, - води грижа за уредност и организираност на паркинг просторот и дворот на објектот.

Реден број	550, 551
Шифра	УПР0401А03001
Ниво	А03
Звање	ВКВ Работник за одржување на објекти
Назив на работно место	ВКВ Работник за одржување на објекти – одржувач на хигиена
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Средно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Одржување на хигиена во работните, сместувачките и административните простории на објектот на Центарот во Куманово
Работни задачи и обврски	- се грижи за хигиената, уреденоста и условите за функционирање на сместувачките и работните капацитети, како и на заедничките простории на објектот на центарот во Куманово; - се грижи за навремено обезбедување на сместувачките капацитети со чиста постелнина и останати потребни средства за сместените слушатели на обуки; - во соработка со одговорно лице за ресурси и логистичка поддршка и материјално технички средства се грижи за редовно требување на хигиенски средства и помагала за одржување на хигиената во објектот; - води грижа за правилно ракување со техничките средства за одржување на хигиената и нивно соодветно чување. - известува за настанатите промени кај инвентарот и опремата како и другите средства во просториите на објектот на Центарот во Куманово.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Овој правилник може да се измени и дополни на начин и постапка како и при неговото донесување.

Член 32

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр 01-599/4 од 10 април 2012 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр.10-1615/1 од 26 јули 2012 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација

на работните места во Центарот за управување со кризи, бр.01-1836/1 од 31 август 2012 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр.01-2407/1 од 6 ноември 2012 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр. 01-1383/1 од 17 јуни 2013 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр.01-1383/4 од 29 ноември 2013 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр.01-1383/7 од 31 декември 2013 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр.01-95/1 од 14 јануари 2014 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр. 01-95/4 од 9 мај 2014 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр. 01-95/7 од 11 јуни 2014 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр. 01-95/10 од 27 јуни 2014 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр. 01-1776/1 од 14 јули 2014 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр.01-1776/4 од 20 октомври 2014 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи, бр.01-59/1 од 8 јануари 2015 година.

Член 33

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

в.д. ДИРЕКТОР

година

Стојанче Ангелов

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
Б01	**7**	**3 извршители**
Б02	**10**	**7 извршители**
Б03	**21**	**3 извршители**
Б04	**66**	**29 извршители**
В01	**172**	**70 извршители**
В02	**17**	**11 извршители**
В03	**13**	**5 извршители**
В04	**119**	**68 извршители**
Г01	**158**	**68 извршители**
Г02	**1**	**1 извршители**
Г03	**8**	**1 извршители**
Г04	**62**	**26 извршители**
УПР А04	**2**	**2 извршители**
УПР Б04	**1**	**0 извршители**
УПР А02	**1**	**0 извршители**
УПР А03	**1**	**1 извршители**
УПР А03	**2**	**1 извршители**
УПР А01	**4**	**1 извршители**
УПР А03	**1**	**0 извршители**
В К У П Н О	**666**	**297**